**Проф. д-р Никола Тупанчески**[1]

**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**[2]

**Проф. д-р Гордан Калајџиев**[3]

**Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски**[4]

**Проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова**[5]

**Проф. д-р Бобан Мисоски**[6]

**Проф. д-р Дивна Илиќ Димоски**[7]

# ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛОТ И КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2017 – 2023 ГОДИНА[8]

**1.01 Изворна научна статија**

**УДК 343.3/.7(497.7)"2017/2023"**
**УДК 343.8:343.19(497.7)"2017/2023"**

**Апстракт**

Во фокусот на ова истражување е судската казнена политика во Република Северна Македонија во периодот 2017 - 2023 година. Авторите прават општ осврт врз тоа што

[1] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: n.tupanceski@pf.ukim.edu.mk

[2] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: g.lazetic@pf.ukim.edu.mk

[3] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: g.kaladziev@pf.ukim.edu.mk

[4] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk

[5] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: a.deanoskatrendafilova@pf.ukim.edu.mk

[6] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: b.misoski@pf.ukim.edu.mk

[7] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: d.ilicdimoski@pf.ukim.edu.mk

[8] Оваа студија е изработена во рамки на проектот „Движење на криминалот и казнената политика во РМ во периодот од 2013 до 2017 година". Објавена е во 2025 година од издавачот Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Студијата се ре-објавува заради актуелноста на проблематиката, значајните резултати од истражувањето, како и заради поголема достапност до поширока читателска публика.

претставува казнена политика. Осврт е направен и врз законската казнена политика, односно на законски пропишаните санкции по вид и висина и казнените рамки што се присутни во позитивното казнено законодавство.

Заради изведување конзистентни заклучоци се прикажува и анализира обемот на криминалитетот и неговата структура според глави на сторени кривични дела од КЗМ. Потоа, се анализираат изречените санкции според вид и висина, според групи кривични дела.

За анализа на обемот на криминал и за судската казнена политика во Република Северна Македонија, користени се официјалните статистички податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија во периодот од 2017 до 2023 година.

Ова истражување е особено значајно бидејќи анализата на судската казнена политика е од значење за да се оцени ефикасноста на различните санкции. Односот помеѓу судската практика на казнување и стапките на криминалитет може да биде значаен за изведување заклучоци за делотворноста на различните санкции и да покаже во која мера се применуваат поедини санкции.

**Клучни зборови:** казнена политика, суд, казна затвор, парична казна, алтернативни мерки.

## 1. Вовед

Цел на секое општество е ефикасната борба против криминалот што како комплексен феномен постои од почетоците на човечката цивилизација и отсекогаш ги поткопувал основите на општествената заедница без разлика на кој степен на развој таа се наоѓала. Криминалните активности денес се сметаат за директна негација на принципите на владеењето на правото и на правната држава.

Борбата против криминалот е клучната точка и целта околу која се развива криминалната политика. Нејзини основни носители се законодавецот и правосудните

органи (пред сè, судовите), но и носителите на социјалната превенција. Постојат различни дефиниции за поимот на криминалната политика. Одредени автори сметаат дека криминалната политика е дел од општата политика, односно вид применета политика. Ваквото стојалиште се среќава дури и кај казненоправни теоретичари (како, на пример, познатиот проф. Бачиќ) кои сметаат дека криминалната политика е дел од политичките науки, но дека таа со голем дел од предметот на проучување влегува и во поширокото казненоправно поле.[9] Како правна дисциплина од казнената област, се смета за наука чиј предмет се правни методи и средства за борба против криминалот; ваквата определба, како што може да забележиме, по својата природа е доста рестриктивна.[10] Обедначениот теоретскопрактичен пристап ја определува криминалната политика како „научно заснована активност на општеството во превенцијата и репресијата на криминалот, како практика на сузбивање на криминалот и стратегија на ефикасна борба со него.[11]

Централен дел од криминалната политика како поширок поим, барем за правниците, претставува казнената политика, односно политиката на санкционирање што ја креираат судовите преку својата пракса. Во оваа насока е и најрестриктивното гледиште за криминалната политика, кое ја потврдува единствено нејзината заснованост врз казненото право, па, оттука, се наметнува заклучокот дека таа се сведува на целите за превенција и сузбивање на криминалот исклучиво преку казненоправните институти и системот на казнена правда. Оттука, средишен поим во ваквото гледање е казнената политика на судовите како примена на санкциите поставени од законодавецот во определени рамки.[12]

Казнената политика е дисциплина која претставува единство на теоретски и начелни политички, уставноправни и законодавни определби спрема криминалните активности, како и збир на практични мерки за нивна контрола и превенција. Тоа е практична непосредна активност за спречување на криминалитетот со примена на широка

---

[9] Bačić, F., Neophodne promene u oblasti krivnje u Jugoslovenskom krivičnom zakonodavstvu, Beograd, 1986/1-2, цитирано според Сулејманов, стр. 20

[10] Камбовски, В. (2004) Казнено право – општ дел, Скопје, стр. 48

[11] Ibid.

[12] Деаноска – Трендафилова, А. (2016) „Медиумите и криминалната политика“, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, стр. 187-202.

лепеза на превентивни и репресивни мерки, методи и постапки, која ја спроведуваат определени субјекти на криминалната политика.[13]

Еден од главните предизвици со кој се соочуваат оние кои ја носат казнената политика, е како општеството би требало да реагира спрема оние кои го кршат правото. Земајќи го предвид постојаниот раст на стапките на криминалитет, ова е прашање што го привлекува вниманието со години.[14]

Соодветната борба против криминалитетот, како главна цел на казнената политика, бара поголемо залагање при изучувањето на етиологијата на криминалитетот во општеството и примена на нови, соодветни и подобри мерки од постоечките со цел да се постигне ефикасно сузбивање на криминалитетот. Ниту една држава не успеала да го искорени криминалитетот како негативна и опасна реална општествена појава, но секоја држава презема мерки за контрола и превенција, кои се интегрирани во казнената политика како дел од севкупната политика, со цел криминалитетот да може да се држи под контрола. Не може да се очекува дека ќе биде пронајден лек за антисоцијалното, криминално поведение, како што не може да се очекува да се најде решение за проблемот на криминалот. Вистината е дека во светот во кој живееме има луѓе што сторуваат казнени дела, има жртви на криминал, и има казненоправен систем што, иронично, произведува значителен број криминалци. Она кон што треба да се тежнее е да се преземат активности што ќе го намалат истиот до одреден степен што ќе биде прифатлив и лесно ќе се контролира. А единствен пристап за сузбивање на криминалитетот секако дека не постои, потребно е да се преземат бројни интервенции со цел да се постигне максимално можна ефективност.[15]

Борбата против криминалитетот се остварува преку превентивно и репресивно дејствување. Вообичаено под борба против криминалитетот се смета преземањето мерки

[13] Сулејманов, З., (2001), Криминална политика, Графохартија, Скопје. Milutinović, M., (1984), Kriminalna politika, Beograd: Savremena administracija. Kokolj, Mitar (2009) „Kratak osvrt na uslovljenost i pravce kretanja kriminalne politike na područjima posebno pogođenim raspadom bivše zajedničke države, Naučni skup sa međunarodnim učešćem Sinergija 2009, Univerzitet Sinergija, Pravni fakultet, Bijeljina.

[14] Груевска-Дракулевски, А. (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011“, Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, Бр.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2 Август С Штип, стр.157-198

[15] Груевска-Дракулевски, А. (2016) „Затвор и рецидивизам“, Скопје: „Студиорум“ - Центар за регионални истражувања и соработка.

од страна на надлежните полициски, судски и обвинителски органи, но, сепак, сигурно е дека превентивното дејствување преку подобра општествена организација и ефикасно решавање на социјалните проблеми, можат значително да ја подобрат ситуацијата на тој план. Сепак, паралелна и меѓусебна координирана примена на превенција и репресија е единствената реалност и перспективи во акцијата за спречување и борба против криминалитетот.[16]

Основна правна последица од кривичното дело и вообичаена реакција спрема криминалитетот е казната, односно казнувањето. Прашањето, сепак, се усложнува по однос на изборот на видот кривична санкција и висината на казната. Тоа е така затоа што судијата треба да го примени системот на индивидуализација во овој процес, а притоа мора да се држи во законски предвидените рамки.[17] Имено, нашето законодавство го познава, денес, широко прифатениот систем на релативно одредени казни, што всушност е израз на политиката на законодавецот (законско одмерување на казните) во чии рамки мора да најде свое место казнената политика на судовите. Иако, врзани за словото на законот, може да се претпостави дека судиите со тоа што во пракса изрекуваат, на пример, доминантно казни кои се поблиску до законскиот минимум или пак до максимумот, ја креираат и самите политиката, претставувајќи коректив на законодавецот.

## 2. Системот на санкции во Република Северна Македонија

Системот на кривични санкции во Република Северна Македонија (РСМ) е определен со Кривичниот законик на РСМ (КЗМ)[18] и со Законот за правда за децата (ЗПД)[19]. Во таа смисла, како кривични санкции се предвидени:

- казни,
- алтернативни мерки,

[16] Kokolj, Mitar (2009) „Kratak osvrt na uslovljenost i pravce kretanja kriminalne politike na područjima posebno pogođenim raspadom bivše zajedničke države, Naučni skup sa međunarodnim učešćem Sinergija 2009, Univerzitet Sinergija, Pravni fakultet, Bijeljina.

[17] Камбовски, В., op.cit.

[18] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02,43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11,185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14,115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23)

[19] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024)

- мерки на безбедност и

- воспитни мерки.[20]

Извршувањето на санкциите се уредува со Законот за извршување на санкциите (ЗИС)[21].[22]

За кривични дела на кривично одговорните сторители може да им се изречат следниве казни: А. Главни казни:[23] 1) казна затвор, 2) парична казна; Б. споредни казни: 3) забрана на вршење професија, дејност или должност, 4) забрана на управување со моторно возило, 5) протерување странец од земјата, 6) забрана за посетување спортски натпревари.[24]

Алтернативни мерки што може да им се изречат на сторителите на кривичните дела се:

1) условна осуда,

2) условна осуда со заштитен надзор,

3) условно прекинување на кривичната постапка,

4) општокорисна работа,

5) судска опомена и

6) куќен затвор.[25]

На сторителите на кривични дела може да им се изречат следниве мерки на безбедност:

---

[20] В. чл.4 КЗМ.

[21] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24).

[22] В. чл.1 ЗИС.

[23] КЗМ пропишува казна затвор во траење од минимум 30 дена, а максимум 20 години, како и казна доживотен затвор која може да се замени со казна долготраен затвор од 40 години. Лицето кое издржало најмалку половина од затворската казна, а исклучително една третина, и за кое може основано да се очекува дека добро ќе се однесува на слобода, може условно да се отпушти од издржување на казната затвор под услов до истекот на времето за кое е изречена казна да не стори ново казнено дело. Во случај осудениот додека е на условен отпуст да стори едно или повеќе дела за кои е предвидена казна затвор, доаѓа до отповикување на условниот отпуст (облигаторно или факултативно). В. член 35-37 КЗМ.
Паричната казна се изрекува во дневни глоби од најмалку пет, а најмногу 360. Притоа, при одредувањето на висината на дневната глоба, судот особено ги зема предвид имотните и личните прилики на сторителот. Најмалата вредност на дневната глоба е едно евро, а најголемата 5.000 евра во денарска противвредност. В. чл.38 – 38-а КЗМ

[24] В. чл.33 ст.1 КЗМ.

[25] В. чл.48-а КЗМ.

1) задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа,

2) задолжително психијатриско лекување на слобода,

3) задолжително лекување на алкохоличари и наркомани и

4) медицинско-фармаколошко лекување на сторители на полов напад врз дете до 14 години.[26]

Изборот на видот и висината на кривичната санкција треба да соодветствува на целта на казнувањето, која е комплексна. Имено, проблемот не застанува на видот на кривичната санкција што ќе му биде изречена на сторителот на кривичното дело туку треба да се задоволат правдата и правичноста, а тоа покрај со изборот на видот, се остварува и преку одредување на висината на кривичната санкција. Цели на казнувањето се: правдата, рехабилитацијата, превенцијата (генерална и/или специјална) и ресоцијализацијата. Историски, за жал, меѓу целите на казнувањето било и онеспособувањето на сторителот од понатамошно вршење казнени дела (преку телесни казни) или преку најсуровата форма – егзекуцијата, односно смртната казна.[27]

Во утврдувањето на целите на казнувањето во РСМ треба да се тргне од КЗМ, според кој цел на казнувањето, покрај остварување на правдата, е: 1) спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување и 2) воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела.[28]

Системот на извршување на санкциите по својата суштина е ориентиран кон тоа да обезбеди *прво*, остварување на правдата што е израз на ретрибуција, односно барање за справедлива и сразмерна, пропорционална казна со стореното; *второ*, преку ресоцијализација на осуденото лице да се постигне специјална превенција, односно осуденото лице да се спречи повторно да сторува кривични дела, и *трето*, генерална превенција, односно воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела. Извршувањето на санкциите мора да се разгледува интегрално и во контекст на општествените услови и односи во кои се применува и чија заштита ја обезбедува. Во таа

[26] В. чл.61 КЗМ.
[27] Hirsch, von A. & Ashworth, A., (Eds.), (1998), Principled Sentencing: Readings on Theory and Policy, Oregon: Hart Publishing, Oxford and Portland.
McLaughlin, E. & Muncie, J., (Eds.), (2001), The Sage Dictionary of Criminology, London: Sage Publications.
[28] В. член 32 КЗМ.

смисла, извршувањето на санкциите мора да се разгледува низ комплексноста на поставените цели во кривичниот закон, бидејќи само на тој начин се обезбедува изведување и поставување на начелата на извршување на кривичните санкции.[29]

Во поставувањето на основната цел на извршувањето на казната затвор, ЗИС тргнува од начелото на специјална превенција и ресоцијализација - оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот во согласност со закон. Заради постигнување на целта на извршувањето на казната затвор кај осудените лица се развива чувството на одговорност и се поттикнуваат да го прифатат и активно да учествуваат во третманот за време на извршувањето на казната, мотивиран и насочен кон превоспитување и развивање на позитивните карактерни особини и способности, што го забрзува успешното враќање во општеството.[30]

Според КЗМ, целта на алтернативните мерки, пак, е спрема кривично одговорниот сторител да не се примени казна за полесни дела кога тоа не е нужно заради кривичноправна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето може да се оствари со предупредување со закана на казна (условна осуда), само предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода.[31]

Понатаму, според КЗМ цел на мерките на безбедност е да се отстранат состојбите или условите што можат да влијаат сторителот во иднина да врши кривични дела.[32]

### 3. Одмерување на казната (законско и судско одмерување)

Одмерувањето на казната е процес кој го презема судот кој ја утврдува казната на конкретен сторител преку примена на инструментариум воспоставен преку т.н. законско

---

[29] Груевска-Дракулевски, А. (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011", Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, Бр.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2 Август С Штип, стр.157-198

[30] В. член 37 ЗИС.

[31] В. член 48 КЗМ.

[32] В. член 60 КЗМ.

одредување на казната. Историски, системите на пропишување на казната денес се сведуваат на општоприфатениот систем на релативно определени казни при што во нашиот Кривичен законик се определуваат видовите казни, нивната најмала и најголема мера (општ законски минимум и максимум), а кај конкретните кривични дела најчесто се пропишуваат и посебниот законски минимум и максимум на казната затвор.[33] Во смисла на последново, треба да се спомене дека нашиот важечки Кривичен законик познава голем број казнени рамки, како што се, на пример:

- Парична казна или затвор до една година,
- Парична казна или затвор до три години,
- Затвор од шест месеци до три години,
- Затвор од шест месеци до пет години,
- Затвор од една до три години,
- Затвор од една до пет години,
- Затвор од една до десет години,
- Затвор од најмалку четири години,
- Затвор од најмалку пет години,
- Затвор од најмалку осум години,
- Затвор од најмалку десет години,
- Затвор од најмалку дванаесет години, и други.

Во студијата се анализирани изречените кривични санкции спрема полнолетни лица по вид и висина во РСМ во периодот 2017-2023 година, што е јасна и солидна основа за донесување заклучоци по однос на казнената политика што ја водат судовите во нашата држава.

Не треба да се пренебрегне фактот дека судското одмерување на казната е специфична и крајно индивидуализирана постапка, зашто токму при судското одмерување на казната доминира начелото на индивидуализација, според кое судијата се определува за казна што според видот и висината е најпогодна во конкретниот случај кај сторителот на казненото дело да ги оствари целите на казнувањето.

[33] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. (2016) Македонско кривично право – општ дел, Скопје, стр. 343.

Судот му одмерува казна на сторителот на казненото дело во границите што се пропишани со закон за тоа дело, имајќи ги предвид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето. Законот го задолжува судот посебно да води сметка за вкупното дејство на казната и нејзините последици врз личноста на сторителот и потребите за негова ресоцијализација.

Понатаму, судот треба да ги земе предвид сите околности што влијаат казната да биде поголема или помала (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното казнено дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот. Особено релевантна отежнувачка околност при одмерување на казната претставува повратот (рецидивизам). Имено, при одмерување на казната на рецидивист, судијата треба посебно да земе предвид дали се работи за специјален или генерален поврат, дали делата се сторени од исти побуди и колку време поминало од поранешната осуда, односно издржана или простена казна.[34]

Покрај изрекувањето казна во пропишаните граници, КЗМ предвидува и можност за нејзино ублажување, но не и поострување!

Основите за поблаго казнување (и ослободување од казна) може да бидат од факултативна или облигаторна природа, но најчесто се факултативни во насока на овозможување на судот и во ваквите ситуации да се примени начелото на индивидуализација, зашто во тој случај на судот му стои на располагање можноста за ублажување на казната или за казнување во пропишаните граници.[35]

---

[34] В. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02,43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11,185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14,115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23). В. Камбовски, В., (2006), Казнено право (општ дел), Култура, Скопје. В. Марјановиќ, Ѓ, и Каневчев, М. (2010), Македонско кривично право (општ дел), Скопје: Просветно дело. В. Проевски, Ј., (1998), Кривичен законик (објаснувања, коментари, судска практика), Скопје: Агенција „Академик“. В. Сулејманов, З., (2001), Кривично право (општ дел), Графохартија, Скопје.

[35] Подетално в. чл.40 од КЗ: Судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон или да примени поблаг вид казна кога: 1) законот предвидува дека сторителот може да се казни поблаго, 2) ќе утврди дека постојат особено олеснувачки околности кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето или 3) при донесување пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот.

*

Со цел изведување конзистентни заклучоци и креирање аргументирани предлози за идни чекори, најпрвин во трудот се анализираат значајни феноменолошки аспекти на криминалитетот во РСМ во анализираниот период, посебно обемот на криминалитетот и неговата структура според глави на сторени кривични дела од КЗМ. Потоа, се анализираат изречените санкции според вид и висина, групи на кривични дела и според основни судови што ги изрекуваат.

Иако, во извештаите за напредокот на РСМ често се критикува недостатокот на целосни и детални податоци и статистики, особено на кривични статистики, сепак, за анализа на казнената политика во РСМ се користени официјалните статистички податоци од Државниот завод за статистика на РСМ во периодот од 2017 до 2023 година, а за одделни аспекти и податоци за поширок временски период.

Ова истражување е особено важно бидејќи анализата на судската казнена политика е од значење за да се оцени ефикасноста на различните санкции и соодветноста, адекватноста на политиката на санкционирање. Односот помеѓу судската практика на казнување и стапките на криминалитет може да бидат сериозен показател и за градење на идните политики во казненоправната сфера.

## 1. Изречени кривични санкции во РСМ во периодот 2014-2023 година

### 1.1 Обем на криминалитетот

За анализа на казнената политика најнапред треба да се даде сумарен преглед на одредени феноменолошки карактеристики на криминалитетот во РСМ, посебно обемот на криминалитетот и неговата структура според глави на сторени кривични дела од КЗМ.

Под обем на криминалитетот се подразбира вкупен број на сторени казнени дела и вкупен број сторители на кривични дела во одредено време и на одреден простор.

Обемот на криминалитетот може да се утврдува според (1) поднесени кривични пријави против сторители на кривични дела (најблизок до реалниот (не)откриен криминалитет), (2) поднесени обвиненија (податоци што ја отсликуваат политиката на Јавниот обвинител и квалитетот на поднесени кривични пријави) или според (3) пресудениот криминалитет, односно според осудени сторители на кривични дела. Односот на овие три показатели укажува на изградена политика и критериуми на органите на казнениот прогон во откривањето, обвинувањето и пресудувањето. Нашата официјална статистика евидентира сторители, но не и казнени дела, а бројот на сторители не се совпаѓа со бројот на сторени казнени дела.

Анализирајќи ги податоците од Државниот завод за статистика може да се извлечат следниве заклучоци во врска со обемот на криминалитетот во РСМ.

За анализираниот период (2014-2023) вкупниот број пријавени полнолетни сторители на кривични дела во просек изнесува 22.183 сторители. Бројот на пријавени сторители во 2015 година бележи драстичен пад од 30 % во споредба со претходната година. Во следните години тој број континуирано паѓа со извесни флуктуации во 2019 и 2020 година.

Што се однесува до бројот на вкупно обвинети лица во анализираниот период, тој број бележи пад во годините од 2015 до 2019, по што повторно бележи пораст во следните години. Просечниот број обвинети сторители во анализираниот период изнесува 8.589.

Бројот на осудени полнолетни лица во анализираниот период, во просек, изнесува 7.529 лица. Исто како и бројот на вкупно обвинети, и бројот на вкупно осудени го следи истиот тренд, односно драстично опаѓа во периодот од 2015 до 2019 година, по што повторно расте.

Следен заклучок од анализата на податоците е дека, во просек, во анализираниот период 38,7 % од вкупно пријавените полнолетни лица се обвинети, а, во просек, 87,7 % од вкупно обвинетите лица се осудени. Овие податоци зборуваат за квалитетот на поднесените кривични пријави, како и за работата на органите на казнениот прогон воопшто.

**Табела 1.** Вкупно пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица во периодот 2014-2023

| | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **Просек** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пријавени** | 37164 | 26069 | 20502 | 20582 | 19779 | 20106 | 21104 | 19738 | 19702 | 17083 | 22183 | |
| **Индекс** | 100 | 70 | 79 | 100 | 96 | 102 | 105 | 94 | 100 | 87 | | |
| **Обвинети** | 13699 | 11951 | 9320 | 7423 | 6829 | 5370 | 6965 | 8580 | 8550 | 7199 | 8589 | 38,7 |
| **Индекс** | 100 | 87 | 78 | 80 | 92 | 79 | 130 | 123 | 100 | 84 | | |
| **Осудени** | 11683 | 10312 | 8172 | 6273 | 5857 | 4712 | 6351 | 7634 | 7769 | 6528 | 7529 | 87,7 |
| **Индекс** | 100 | 88 | 79 | 77 | 93 | 80 | 135 | 120 | 102 | 84 | | |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

**Да заклучиме**, ако ги земеме предвид податоците за вкупно пријавени полнолетни сторители на кривични дела (податоци што се најблизу до реалниот (не)откриен криминалитет), може да заклучиме дека во анализираниот период криминалитетот во РСМ бележи флуктуации со забележан пад во последните години. Исто така, може да се заклучи дека полицијата мора да обезбеди цврсти докази за потребите на кривичната пријава, за да не се случува само 33,9 % од вкупно пријавените полнолетни лица да бидат и осудени за конкретно стореното кривично дело. Понатаму во текстот се анализирани податоците за вкупно осудени полнолетни сторители на кривични дела.

### 1.2 Структура на криминалитетот според глави на кривични дела од КЗМ

Анализата на структурата на криминалитетот според глави казнени дела од КЗМ покажува дека најголем број од полнолетните сторители на кривични дела биле осудени за кривични дела против имотот (глава 23 од КЗМ), во просек 31,5 %. За анализираниот период 2017-2023 година, бројот на сторители на казнени дела против имотот во вкупниот број осудени лица, во просек, изнесува 2.034 лица, со највисока стапка регистрирана во 2017 година (2.427 лица), а најниска во 2020 година (1.631 лица).

Со ова уште еднаш се потврдува една феноменолошка карактеристика на криминалитетот во РСМ, дека најголемиот број сторители на кривични дела се сторители на имотни деликти, пред сѐ тешки кражби, по што следуваат измами, па разбојнички

кражби, разбојништва итн. Ова е основа за понатамошни етиолошки истражувања, за да се утврди што е она што се јавува како причина за имотниот криминалитет во РСМ.

Следува групата кривични дела против здравјето на луѓето (глава 21 од КЗМ). Во анализираниот период, во просек, се осудени 1.040 лица, а вкупното учество на овие кривични дела во вкупниот број осудени лица изнесува 16,1 %. Мора да се напомене дека високото учество на овие кривични дела се должи на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД 19, што е причина за драстичен пораст на овие кривични дела во периодот 2020-2021 година од дури над 700 % споредено со претходниот период, и тоа поради Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија согласно член 206 од КЗМ и Пренесување заразна болест (член 205 КЗМ). Инаку, неусогласената судска казнена политика во однос на овие кривични дела поврзани со пандемијата, беше причина за донесувањето на Законот за амнестија од 2023 година (Службен весник на РСМ 65/2023).[36] Во последната година од анализираниот период, бројот на осудени лица за кривични дела против здравјето на луѓето драстично опаѓа.

---

[36] Член 1
Со овој закон на лицата осудени со правосилна пресуда на парична казна за кривични дела од членот 205 „Пренесување заразна болест“ и членот 206 „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“ од Кривичниот законик, сторени по денот на влегувањето во сила на Одлуката за утврдување на постоење вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 68/20), донесена од претседателот на Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон, изречената казна им се заменува со алтернативна мерка условна осуда (во натамошниот текст: амнестија).
Со амнестија од ставот 1 на овој член се опфатени:
- лицата осудени за кривичните дела од ставот 1 на овој член, на кои со правосилна пресуда им е изречена парична казна во дневни глоби или во фиксен износ над 1.000 евра во денарска противвредност или изречената казна им е заменета со казна затвор,
- лицата осудени за кривичните дела од ставот 1 на овој член, на кои со правосилна пресуда им е изречена парична казна во дневни глоби или во фиксен износ до 1.000 евра во денарска противвредност или изречената казна им е заменета со казна затвор и
- лицата осудени за кривичните дела од ставот 1 на овој член, на кои со правосилна пресуда им е изречена парична казна, која започнале да ја исплаќаат, но не го платиле целиот износ.
На лицата од ставот 2 алинеја 1 на овој член изречената парична казна или заменетата казна затвор им се заменува со алтернативна мерка условна осуда, со која им се утврдува иста парична казна како изречената во правосилната пресуда и истовремено им се определува дека утврдената парична казна нема да се изврши доколку осудениот во рок од три години по правосилноста на решението за амнестија не стори ново кривично дело.
На лицата од ставот 2 алинеја 2 на овој член изречената парична казна или заменетата казна затвор им се заменува со алтернативна мерка условна осуда, со која им се утврдува иста парична казна како изречената во правосилната пресуда и истовремено им се определува дека утврдената парична казна нема да се изврши доколку осудениот во рок од две години по правосилноста на решението за амнестија не стори ново кривично дело.
На лицата од ставот 2 алинеја 3 на овој член преостанатиот дел од изречената парична казна им се заменува со алтеративна мерка условна осуда, со која им се утврдува неизвршениот дел од изречената парична казна

Следува групата кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај (глава 27 од КЗМ), со просечно учество во вкупниот криминалитет од 15,9 %. Или, за анализираниот период највисока стапка е забележана во 2023 година (1.253 осудени лица), а најниска во 2020 година (770 осудени лица).

Во просек 8,3 % од вкупниот број осудени полнолетни лица сториле кривични дела против животот и телото (глава 14 од КЗМ), односно таа бројка бележи континуирани флуктуации со најголем број осудени лица во 2018 година (659 лица), а најмал број осудени 422 лица во 2020 година.

Следуваат главата кривични дела против јавниот ред (7,5 %), потоа, кривичните дела против бракот и семејството (во просек 3,6 %), па кривичните дела против правниот сообраќај (глава 32 од КЗМ) (во просек 2,8 %) и кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството (во просек 2,3 %).

Останатите групи кривични дела се со помало учество во вкупниот број осудени полнолетни сторители на кривични дела, и тоа во просек 1,5 % се осудени сторители за кривични дела против правосудството; во просек 1,4 % се осудени за кривични дела против службената должност; потоа, во просек, по 1,3 % за кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот и кривични дела против човечноста и меѓународното право; потоа, во просек 1 % се осудени за кривични дела против животната средина и природата. Следуваат осудени сторители за кривични дела против половата слобода и половиот морал (0,5 %), кривични дела против изборите и гласањето, кривични дела против работните односи и кривични дела против честа и угледот со учество, во просек, по 0,1 %.

Податоците се сумирани во Табела 2.

**Табела 2.** Вкупно осудени полнолетни лица според групи кривични дела од КЗМ (2017-2023)

| | 201 | 201 | 201 | 202 | 202 | 202 | 202 | Средна | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

---

и истовремено се определува дека утврдената парична казна нема да се изврши доколку осудениот во рок од три години по замената на паричната казна изречена во износ над 1.000 евра во денарска противвредност, односно две години по замена на парична казна во износ до 1.000 евра во денарска противвредност, односно по правосилноста на решението за амнестија, не стори ново кривично дело.
Член 2
Амнестијата не се однесува на правните лица и одговорните лица во правните лица осудени за делата од членот 1 од овој закон.

| | 7 | 8 | 9 | 0 | 1 | 2 | 3 | вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени лица** | 6273 | 5857 | 4712 | 6351 | 7634 | 7769 | 6528 | 6446 | |
| **КД против животот и телото** | 664 | 659 | 422 | 464 | 499 | 557 | 502 | 538 | 8,3 |
| **КД против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 234 | 219 | 216 | 248 | 347 | 341 | 363 | 281 | 0,1 |
| **КД против изборите и гласањето** | 5 | 3 | 2 | 0 | 1 | 10 | 5 | 4 | 0,1 |
| **КД против работните односи** | 3 | 13 | 4 | 3 | 2 | 6 | 3 | 5 | 0,1 |
| **КД против честа и угледот** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| **КД против половата слобода и половиот морал** | 38 | 44 | 20 | 29 | 31 | 43 | 42 | 35 | 0,5 |
| **КД против бракот, семејството и младината** | 252 | 215 | 182 | 210 | 260 | 235 | 291 | 235 | 3,6 |
| **КД против здравјето на луѓето** | 289 | 237 | 280 | 2034 | 2197 | 1574 | 671 | 1040 | 16,1 |
| **КД против животната средина и природата** | 62 | 52 | 59 | 52 | 73 | 77 | 72 | 64 | 1,0 |
| **КД против имотот** | 2427 | 2339 | 1812 | 1631 | 1964 | 2204 | 1858 | 2034 | 31,5 |
| **КД против културното наследство и природните реткости** | 3 | 1 | 5 | 0 | 0 | 1 | 4 | 2 | 0,0 |
| **КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 177 | 119 | 104 | 94 | 162 | 149 | 230 | 148 | 2,3 |
| **КД против општата сигурност на луѓето и имотот** | 83 | 81 | 76 | 57 | 86 | 95 | 102 | 83 | 1,3 |
| **КД против безбедноста на јавниот сообраќај** | 1165 | 975 | 799 | 770 | 1056 | 1171 | 1253 | 1027 | 15,9 |
| **КД против државата** | 18 | 0 | 6 | 7 | 7 | 2 | 3 | 6 | 0,1 |
| **КД против оружените сили** | 2 | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0,0 |
| **КД против службената должност** | 96 | 92 | 53 | 75 | 80 | 98 | 126 | 89 | 1,4 |
| **КД против правосудството** | 122 | 99 | 71 | 76 | 90 | 103 | 121 | 97 | 1,5 |
| **КД против правниот сообраќај** | 154 | 154 | 111 | 132 | 176 | 318 | 208 | 179 | 2,8 |
| **КД против јавниот ред** | 401 | 483 | 418 | 385 | 492 | 648 | 542 | 481 | 7,5 |
| **КД против човечноста и меѓународното право** | 55 | 55 | 65 | 74 | 108 | 121 | 123 | 86 | 1,3 |
| **КД од посебни закони** | 22 | 15 | 7 | 9 | 1 | 15 | 8 | 11 | 0,2 |

***Извор**: Државен завод за статистика на РСМ*

**Да заклучиме**, бројот на осудени полнолетни лица во анализираниот период (2017-2023) бележи драстичен пад до 2020 година, по што во следните години следува благ пораст. Најголем број од полнолетните сторители на кривични дела се осудени за кривични дела против имотот, во просек 31,5 %. Со ова уште еднаш се потврдува една феноменолошка карактеристика на криминалитетот во РСМ, дека најголемиот број сторители на кривични дела се сторители на имотни деликти, пред сè тешки кражби, по што следуваат измами, па разбојнички кражби, разбојништва итн.

Следуваат групата кривични дела против здравјето на луѓето, потоа, кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај, групата кривични дела против животот и телото. Потоа, главата кривични дела против јавниот ред, кривичните дела против бракот и семејството, па кривичните дела против правниот сообраќај и кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Останатите кривични дела се со процентуално учество од 1,5 % и помало во вкупниот број осудени полнолетни лица.

Може да се заклучи дека пресудениот криминалитет во РСМ во анализираниот период се одвива според одредени закономерности без драстични отстапувања по однос на неговиот обем и структура.

### 1.3 Вид изречени санкции

Од анализата на податоците за казнената политика на судовите во РСМ во периодот 2017-2023 година, произлегуваат следниве заклучоци.

Во анализираниот период, во просек, годишно се осудени 6.446 лица. Бројот на осудени лица е најголем во 2022 година (7.769), а најмал во 2019 година (4.712). Дистрибуцијата според пол е следна: 91,3 % од осудените се мажи, а 8,7 % се жени, што е феноменолошка карактеристика на криминалитетот воопшто.

Од вкупниот број изречени кривични санкции во анализираниот период, во просек биле изречени 50,39 % казни, а 49,42 % алтернативни мерки. Но, може да се заклучи дека во 2017, 2018 и 2019 година е поголем бројот на изречени алтернативни мерки, по што во следните четири години се забележува пораст на изречените казни за сметка на изречените алтернативни мерки. Или, во просек, годишно се изречени 3.248 казни и 3.186 алтернативни мерки.

**Табела 3.** Осудени полнолетни лица според полот и видот на изречената санкција (2017-2023)

| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **Средна вредност** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени лица** | 6273 | 5857 | 4712 | 6351 | 7634 | 7769 | 6528 | 6446 | |
| **Осудени лица - Жени** | 550 | 419 | 410 | 558 | 664 | 758 | 568 | 561 | 8,70 |
| **Осудени лица - Мажи** | 5723 | 5438 | 4302 | 5793 | 6970 | 7011 | 5960 | 5885 | 91,30 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Казни - вкупно** | 2739 | 2403 | 2186 | 3416 | 4287 | 4360 | 3347 | 3248 | 50,39 |
| **Алтернативни мерки-вкупно** | 3534 | 3454 | 2526 | 2927 | 3323 | 3383 | 3152 | 3186 | 49,42 |
| **Прогласен виновен- ослободен од казна** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| **Изречена мерка на безбедност без изрекување казна** | 0 | 0 | 0 | 0 | 24 | 26 | 29 | 11 | 0,18 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

**Графикон 1.** Осудени полнолетни лица според полот и видот на изречената санкција (2017-2023)




Во анализираниот период 2017-2023 година, од вкупниот број осудени лица, во просек годишно 6.446 лица, на 49,4 % им е изречена алтернативна мерка, на 28 % - парична казна, на 19 % - казна затвор. Мерките на безбедност се изречени на 1,5 % од вкупниот број осудени лица. Посебните казненоправни мерки, конфискација на имот и имотна корист е изречена само на 0, 8 %, а одземањето предмети на 10,2 % од вкупно осудените лица (в. табела 4).

**Табела 4.** Осудени лица според видот кривична санкција (2017-2023)

| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **Средна вредност** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени лица** | 6273 | 5857 | 4712 | 6351 | 7634 | 7769 | 6528 | 6446 | |
| **Вкупно затвор** | 1255 | 1246 | 1181 | 914 | 1176 | 1372 | 1417 | 1223 | 19,0 |
| **Вкупно парична казна** | 1381 | 1052 | 871 | 2455 | 2742 | 2515 | 1622 | 1805 | 28,0 |
| **Алтернативни мерки** | 3534 | 3454 | 2526 | 2927 | 3323 | 3383 | 3152 | 3186 | 49,4 |
| **Мерки на безбедност** | 86 | 83 | 199 | 133 | 74 | 61 | 50 | 98 | 1,5 |
| **Конфискација на имот** | 44 | 48 | 49 | 67 | 49 | 51 | 37 | 49 | 0,8 |
| **Одземени предмети** | 508 | 581 | 608 | 490 | 682 | 880 | 860 | 658 | 10,2 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

**Графикон 2.** Осудени лица според видот кривична санкција (2017-2023)




## 1.4 Изречени главни казни – казна затвор и парична казна

Во периодот 2017-2023 година од вкупниот број изречени кривични санкции, во просек, се забележува определена флуктуација во однос на бројот на изречените казни во однос на останатите санкции. Па така, во периодот 2017-2019 година се забележува дека бројот на изречени казни се движи од 40 % до 45 %, додека во следните години, односно годините 2020, 2021 и 2022 година, има пораст на изречените казни, и тоа во просек околу 55 %, додека последната година се забележува повторно враќање кон трендовите пред 2020 година, кога вкупно се изречени околу 45 % казни на осудените лица.

Во однос на анализата на соодносот на бројот на изречените казни затвор и парични казни, може да констатираме дека, освен во 2018 и 2019 година, доминираат изречените парични казни како главни казни во однос на казната затвор. Интересно е дека, дури и во 2018 и во 2019 година, кога судовите изрекле повеќе казни затвор наместо парични казни, соодносот не е премногу голем, односно се разликуваат во однос на неколку процентуални поени во корист на паричните казни.

Од вкупно изречените затворски казни доминираат казните затвор во висина до 6 месеци (30,2 %) и казните затвор од 6 месеци до 1 година (27,4 %). Следуваат казните затвор од 1 до 2 години (19,7 %). Казните затвор во траење 2-3 години и 3-5 години се во износ 8,1 % и 8,2 %. Процентуалната застапеност на казните затвор 5-10 години е 4,6, а на

затворските казни во траење 10-15 години – 1,1 %, на казни затвор во траење од 20 години – 0,4 %, а на доживотните казни затвор – 0,2 %.

*Може да се заклучи* дека судската казнена политика е релативно блага, односно доминираат кратките казни затвор, во траење до 6 месеци и од 6 месеци до 1 година и од 1 година до 2 години (во просек од 77,35 %). Она што, исто така, може да се заклучи од анализата на податоците е дека е забележан драстичен пораст на казната доживотен затвор во 2022 година, кога се изречени 9 казни доживотен затвор за кривични дела убиство. Сепак, ова се должи на правосилноста на еден високо профилен случај, каде во еден предмет се изречени 3 доживотни казни затвор за тројца обвинети[37], со што и драстично статистички се зголеми бројката на изречени вакви казни, спротивно на трендот на изрекување на една до две доживотни казни затвор во текот на анализираните години, па дури и до неизрекување на оваа казна во текот на 2023-та година.

**Графикон 3**. Вкупен број изречени казни затвор (2017-2023)




Во однос на паричните казни, од вкупниот број изречени парични казни, во просек годишно 1.805, 50,1 % се парични казни во износ од 10.001 до 30.000, а 45,1 % се во износ

[37] Види: „Монструм“: Три доживотни казни затвор, една од 15, една од 9 години и една ослободителна - се работи за монструозно, садистичко убиство, рече судијата Ставрев - 360 степени

над 30.001 денар. Следуваат парични казни во износ од 5.001 до 10.000 – 3,8 % и парични казни до 5.000 денари – 1,1 %. Ова, во апсолутна вредност, на прв поглед го генерира фактот дека е најголемиот број изречени парични казни се движат во висина од една до една и пол просечна месечна плата во РСМ.

Паричните казни во висина до 5.000 денари и во висина од 5.001 до 10.000 денари се изрекувале во просек најмногу до 5 % од вкупно изречените парични казни.

Притоа, паричната казна во висина од над 30.001 денари во просек најмногу била изречена во 2020 година, и тоа во 57,07 % од вкупниот број изречени парични казни. Додека изречените парични казни во 2017 година, во истиот ранг од над 30.001 денари, изнесуваат високи 51,63 % од вкупниот број парични казни. Во преостанатите анализирани години, паричната казна во висина од над 30.001 денари била изречена во 27,47 % од паричните казни во 2018 година, во 35,94 % од паричните казни во 2019 година, понатаму во 42,60 % од паричните казни во 2021 година, 46,28 % од паричните казни во 2022 година и 39,95 % од паричните казни во 2018 година.

Високиот процент на изречени парични казни во 2020 година во висина од над 30.001 денари, можеме повторно да констатираме дека се должи на изречените парични казни за кривичните дела против здравјето на луѓето, односно поради нарушување на забраните за движење и/или карантинот, во времето на COVID-19 светската пандемија.

Во однос на вкупните бројки на изречени парични казни може да констатираме нивен драстичен пораст во 2020, 2021 и 2022 година, додека во 2023 бројот на изречени парични казни е повторно висок, но истиот се приближува до бројките на изречените парични казни пред периодот на COVID-19 пандемијата. Ваквиот заклучок конвенира и на стабилизирањето на видот и обемот на пресудените кривични дела. Односно, во 2023 година биле изречени парични казни во просек 24,99 % од вкупниот број санкции, што е блиску до изречните парични казни во 2017 година кога биле изречени вкупно 22,14 % парични казни, а малку повеќе од 2018 година кога биле вкупно изречени 17,96 % парични казни.

Податоците се систематизирани во Табела 5.

**Графикон 4**. Вкупен број изречени парични казни (2017-2023)




**Табела 5.** Осудени полнолетни лица според изречените главни казни - затвор и парична казна (2017-2023)

| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **Средна вредност** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно затвор** | 1255 | 1246 | 1181 | 914 | 1176 | 1372 | 1417 | 1223 | |
| **Доживотен затвор** | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 9 | 0 | 3 | 0,2 |
| **Затвор од 20 години** | 5 | 2 | 6 | 5 | 2 | 10 | 8 | 5 | 0,4 |
| **Затвор 10-15 години** | 14 | 14 | 21 | 5 | 14 | 17 | 16 | 14 | 1,1 |
| **Затвор 5-10 години** | 63 | 27 | 37 | 54 | 56 | 75 | 81 | 56 | 4,6 |
| **Затвор 3-5 години** | 119 | 81 | 70 | 75 | 111 | 135 | 112 | 100 | 8,2 |
| **Затвор 2-3 години** | 142 | 94 | 65 | 66 | 97 | 116 | 114 | 99 | 8,1 |
| **Затвор 1-2 години** | 290 | 231 | 210 | 138 | 210 | 303 | 306 | 241 | 19,7 |
| **Затвор од 6 месеци до 1 година** | 307 | 360 | 362 | 258 | 347 | 366 | 346 | 335 | 27,4 |
| **Затвор до 6 месеци** | 314 | 436 | 407 | 311 | 337 | 341 | 434 | 369 | 30,2 |
| **Вкупно парична казна** | 1381 | 1052 | 871 | 2455 | 2742 | 2515 | 1622 | 1805 | |
| **Парична казна до 5.000 денари** | 35 | 42 | 4 | 23 | 12 | 10 | 5 | 19 | 1,1 |
| **Парична казна од 5.001 до 10.000** | 46 | 30 | 33 | 104 | 117 | 72 | 72 | 68 | 3,8 |
| **Парична казна од 10.001 до 30.000** | 587 | 691 | 521 | 927 | 1445 | 1269 | 897 | 905 | 50,1 |
| **Парична казна над 3.0001 денар** | 713 | 289 | 313 | 1401 | 1168 | 1164 | 648 | 814 | 45,1 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Интересни за коментар се годините 2020, 2021 и 2022 година, кога се забележува драстичен пораст на изречените парични казни во однос на казните затвор. Како што напоменавме погоре, најверојатно оваа разлика се должи и на промената на пресудените кривични дела во текот на светската пандемија со вирусот COVID-19, кога има најголем

пад на кривичните дела против имотот и против безбедноста во јавниот сообраќај, а драстичен пораст на кривичните дела против здравјето на луѓето, и тоа пред сè за лицата кои ги прекршувале правилата за домашен карантин, за кои на сторителите најчесто им беа изрекувани парични казни. Оттука, може да констатираме дека во 2020 година дури 38,8 % од изречените санкции биле парични казни, додека казни затвор биле изречени само во 14,4 %.

Сличен тренд е забележан и во 2021 година кога им биле изречени парични казни на 36,3 % од вкупно осудените лица, наспроти 15,6 % затворски казни, како и во 2022 година кога биле изречени парични казни во 38,7 % од изречените санкции, додека само во 17,72 % случаи биле изречени затворски казни. Дури во 2023 година може да констатираме нормализирање на соодносот на изречените затворски казни и парични казни, кога повторно се забележува соодносот од 2017 и 2018 година на блиски проценти на изречени казни затвор и парични казни, повторно, се разбира, процентуално околу 5 % повеќе во корист на паричните казни.

*Да заклучиме,* во периодот 2017-2023 година од вкупниот број изречени кривични санкции, во просек, најчесто се применувале полесните казни затвор, и тоа казните затвор до 3 години, додека кај изрекувањето на паричните казни судовите биле построги, па најчесто ги применувале, во висок процент од над 90 %, паричните казни што се во висина од над 10.001 денар до 30.000 денари и паричните казни над 30.001 денар.

Сепак, со оглед на висината и фреквентноста на изречените казни, може да заклучиме дека судовите немаат премногу строга казнена политика.

### 1.5 Изречени алтернативни мерки

Од вкупниот број изречени алтернативни мерки, во просек годишно 3.186, најголем број се условни осуди на казна затвор (високи 92,8 %). Процентот на изречени условни осуди на парични казни е 4,6 %, следува судска опомена – 1,4 %. Условна осуда со заштитен надзор и општокорисна работа учествуваат во 0,6 % во вкупниот број изречени

алтернативни мерки. Останатите две алтернативни мерки – условно прекинување на кривичната постапка и куќен затвор, не се изречени воопшто во анализираниот период.

Овие бројки треба да бидат во насока на почесто изрекување на условната осуда со заштитен надзор која во изминатиот период ги покажува своите позитивни ефекти во пракса. За поздравување е фактот што во последните три години е забележан нагорен тренд на пробацијата која треба да доминира над условната осуда без заштитен надзор (в. Табела 7). Исто така, општокорисната работа треба да се изрекува почесто. Во оваа насока треба да се размисли за евентуални измени и дополнувања на Кривичниот законик и да се размисли да не се ограничува нејзината примена само за првопрестапници. Исто така, со ставањето во функција на електронските алки, се очекува почеток на изрекување на куќниот затвор. Зачудува фактот што не е изречена ниту една алтернативна мерка условно прекинување на кривичната постапка.

**Табела 6.** Осудени полнолетни лица според видот на изречените алтернативни мерки (2017-2023)

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Алтернативни мерки-вкупно** | 3534 | 3454 | 2526 | 2927 | 3323 | 3383 | 3152 | 3186 | |
| **Условна осуда затвор** | 3350 | 3307 | 2412 | 2676 | 2990 | 3050 | 2923 | 2958 | 92,8 |
| **Условна осуда парична казна** | 138 | 108 | 72 | 215 | 218 | 146 | 115 | 145 | 4,6 |
| **Условна осуда со заштитен надзор** | 0 | 0 | 0 | 4 | 14 | 46 | 60 | 18 | 0,6 |
| **Условно прекинување на кривичната постапка** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| **Општокорисна работа** | 0 | 0 | 0 | 2 | 42 | 91 | 7 | 20 | 0,6 |
| **Судска опомена** | 46 | 39 | 42 | 30 | 59 | 50 | 47 | 45 | 1,4 |
| **Куќен затвор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,0 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

**Табела 7.** Број на алтернативни мерки условна осуда со заштитен надзор и општокорисна работа, надзор над условно отпуштени осудени лица и процена на ризик во текот на судската постапка (2019-2023)

| | Процена на ризик во текот на судската постапка | Алтернативна мерка | | Надзор над условно отпуштени осудени лица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Условна осуда со заштитен надзор | Општо-корисна работа | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2019** | 10 | 43 | 1 | 111 | 165 |
| **2020** | 48 | 28 | 22 | 178 | 276 |
| **2021** | 52 | 53 | 103 | 243 | 451 |
| **2022** | 59 | 99 | 125 | 192 | 475 |
| **2023** | 90 | 157 | 14 | 222 | 483 |
| **2024** | 166 | 331 | 6 | 290 | 793 |

*Извор: Управа за извршување санкции*

*Да заклучиме,* од вкупниот број изречени кривични санкции во анализираниот период, во просек биле изречени 50,39 % казни, а 49,42 % алтернативни мерки.

Од вкупниот број осудени лица, во просек, 19 % се осудени на казна затвор, а 28 % на парична казна.

Од вкупниот број изречени алтернативни мерки (49,42 %), во просек дури 92,8 % биле изречени условни осуди на казна затвор, потоа 4,6 % биле условни осуди на парична казна и 1,4 % биле изречени судски опомени. Алтернативната мерка условна осуда со заштитен надзор била изречена во 0,6 %, исто и општокорисната работа. Останатите алтернативни мерки: условно прекинување на кривичната постапка и куќен затвор, воопшто не биле изречени.

Се соочуваме со една ситуација дека овие алтернативни мерки треба почесто да се изрекуваат, со оглед на фактот што казнената политика во однос на изречените ефективни казни затвор е блага, доминираат казните затвор во висина до 6 месеци (30,2 %) и казните затвор од 6 месеци до 1 година (27,4 %). Оттука, нема причина зошто судиите не би се одлучувале почесто за некоја од алтернативните мерки, се разбира доколку се исполнети формалните и материјалните услови за нивно изрекување. Зачудува фактот зошто судиите во РСМ воопшто не ја изрекуваат, на пример, алтернативната мерка условно прекинување на кривичната постапка, за која нема потреба од создавање дополнителни услови за нејзино извршување.

Во секој случај, почестата примена на алтернативните мерки за сметка на ефективната казна затвор, ќе придонесе за разрешување на некои проблеми со кои се соочува нашиот пенитенцијарен систем, пред сè проблемот на пренаселеност (пренатрупаност) на казненопоправните установи, потоа алтернативните мерки се начин

за анулирање на проблемот на криминална инфекција што, пак, е значајно за намалување на стапките на рецидивизам во РСМ.

### 1.6 Изречени посебни казненоправни мерки (одземање предмети и конфискација)

Во анализираниот период 2017-2023 година, во просек годишно биле изречени 49 мерки конфискација на имот и имотна корист. Најголем број мерки на конфискација биле изречени во 2020 година, 67 мерки, а најмал број во 2023 година, само 23 мерки на конфискација на имот и имотна корист. Најголем број мерки конфискација биле изречени за кривични дела против имотот, во просек годишно во анализираниот период се изречени 21 мерка. Следува групата кривични дела против здравјето на луѓето, во просек се изречени 7 конфискации. Потоа, за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и за кривични дела против човечноста и меѓународното право, во просек годишно се изречени четири мерки на конфискација. За кривични дела против службената должност и за кривични дела против јавниот ред, во просек годишно се изречени три мерки конфискација, а за кривични дела против правниот сообраќај, во просек се изречени две мерки конфискација. За останатите групи кривични дела се изречени, во просек, годишно по една мерка конфискација на имот и имотна корист, а за некои групи кривични дела ниту една. Податоците се систематизирани во Табела 8.

Споредено со бројот на вкупно осудени лица во анализираниот период, само во 0,8 % од осудите била изречена мерка конфискација.

Иако овој инструмент за борба против организираниот криминал и корупцијата постои веќе 20 години во македонското законодавство, може да заклучиме дека во судската казнена практика на РСМ посебната казненоправна мерка конфискација на имот и имотна корист се изрекува во многу мал, незначителен број случаи, што дополнително ја испраќа пораката дека „криминалот е исплатлив“.[38]

[38] Груевска Дракулевски, А. и Деаноска Трендафилова, А. (2024) „Конфискацијата на имот и имотна корист во кривична постапка наспроти конфискацијата на имот во граѓанска постапка во македонското право“,

Од друга страна, бројот на посебни казненоправни мерки одземање предмети, се изрекува во поголем број (во просек годишно се изречени 658 мерки одземање предмети). Мерки на безбедност се изречени на 98 осудени лица, во просек, што исто така е мал процент со оглед на фактот што во голем број случаи кривичните дела, најчесто имотните и насилничките, се вршат заради зависност на сторителите од алкохол и зависности од наркотици.

**Табела 8.** Осудени полнолетни лица според вкупно изречените мерки на безбедност, изречената конфискација на имот и одземени предмети (2017-2023)

| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **Средна вредност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки на безбедност** | 86 | 83 | 199 | 133 | 74 | 61 | 50 | 98 |
| **Изречена конфискација на имот** | 44 | 48 | 49 | 67 | 49 | 51 | 37 | 49 |
| **Одземени предмети** | 508 | 581 | 608 | 490 | 682 | 880 | 860 | 658 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

*Да заклучиме,* во однос на бројот на изречени посебни казненоправни мерки, во смисла на изречените мерки одземање предмети, во анализираниот период се забележува тренд на зголемување. За жал, забележлив и загрижувачки е трендот на минимална примена на мерката конфискација на имот. Дотолку повеќе, доколку се земе предвид фактот дека доминантно пресудените кривични предмети се за извршени кривични дела против имотот или други лукративни кривични дела, може да се констатира дека е премногу ниска примената на мерката конфискација. Имено, со оглед на тоа дека ретко која година процентот на применети мерки конфискација на имот надминува еден процент од вкупно пресудените предмети, може да се заклучи дека судовите многу ретко, или воопшто не ја применуваат конфискацијата на имот како мерка. Ова само го потврдува заклучокот дека за почеста примена на мерката конфискација, неопходно е органите на прогонот во текот на истрагата да спроведуваат и финансиски истраги паралелно со истрагата за стореното кривично дело, со што, доколку навремено се открие и замрзне противправно стекнатиот имот, може да се очекува и пораст на бројката на изречени мерки конфискација на имот.

Од вкупниот број осудени лица, во просек, конфискацијата на имот и имотна корист била изречена во 0,78 %, а одземањето предмети во 10,29 %.

### 1.7 Вид изречени кривични санкции според видот на кривичното дело

Што се однесува до видот на изречени санкции според видот на кривичното дело, во анализираниот период најмногу осудени лица се за сторени кривични дела против имотот, и тоа во просек околу 30 % од изречените казни се изречени на сторители на кривични дела против имотот, а на 35,2 % им биле изречени алтернативни мерки.

Следува групата кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај (22,8 % - казни, 8,3 % алтернативни мерки). На сторителите на кривични дела против животот и телото, на 6,5 % им биле изречени казни, а на 10,6 % - алтернативни мерки.

Понатаму, на сторителите на кривични дела против јавниот ред им биле изречени 5,2 % од вкупниот број изречени казни, а 10,02 % од вкупниот број алтернативни мерки.

Интересен за коментар е периодот во времето на пандемијата со COVID–19, кога во годините 2019, 2020 и 2021 имаме определена промена во структурата на кривичните дела што се казнуваат. Имено, во текот на овие години значителен пораст има во казнувањето на кривичните дела против здравјето, при што во 2020 и 2021 година дури 49,7 %, односно 39,7 % од сите изречени казни биле за овие кривични дела. Исто така, пораст кај овие кривични дела има и во поглед на алтернативните мерки, кои од просечните 5 % за претходните години, во годините 2020 и 2021 скокнале за значителни 10, односно 11 %. Ова предизвикало пораст од скоро 100 % кај алтернативните мерки, како и пораст од околу 300 % кај изречените казни. Иако, се забележува зголемен број казни за овие кривични дела во анализираните години, сепак, вкупниот број осудени лица не забележува поголеми промени, пред сѐ поради значителниот пад на имотните кривични дела и кривичните дела против безбедноста на јавниот сообраќај. Причините за падот на овие бројки е јасна, односно поради наметнатите рестрикции на движење кај граѓаните поради пандемијата, поголемиот број граѓани не можеа да ги напуштат своите домови, па со самото тоа се намалија условите за извршување на имотните кривични дела, додека

намалениот обем на возење и патување доведоа до пад на кривичните дела против јавниот сообраќај.

Од друга страна, задоволува релативно стабилната бројка на казнети сторители на кривичните дела против јавниот ред, кривичните дела против правниот сообраќај, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, што се движат во рамки на стабилни 5 % од вкупниот број на изречените казни.

Евидентен пад на изречените казни е видлив кај кривичните дела против животот и телото, каде од околу 10 % од изречените казни, од почетокот на анализираниот период, последните три години е забележлива релативно стабилна бројка од околу 4,2 % од изречените казни.

Во однос на изречените алтернативни мерки, може да забележиме дека има значителен пораст на изречените алтернативни мерки за осудените лица за кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, и тоа значајни 100 % од изречените санкции во 2017 година во споредба со 2023 година, односно скок на бројката од 4,5 % на 8,5 %.

Сличниот тренд на пораст во санкционирањето на сторителите со алтернативни мерки може да забележиме и кај кривичните дела против бракот, семејството и младината, како и кај кривичните дела против јавниот ред. Овој заклучок, во комбинација со падот на изречените казни затвор, може да го генерира заклучокот дека се намалува бројот на насилни кривични дела, односно дека е видлива определена тенденција на промена на пристапот во казнувањето на кривичните дела поврзани со насилство, но исто така и задоволува фактот дека на некој начин, насилниот криминалитет се намалува, анализиран од аспект на изречените казни или алтернативни мерки.

Деталниот преглед на осудени полнолетни лица според групи кривични дела од КЗМ и изречени казни и алтернативни мерки во периодот 2017-2023 година е даден во Табелите 9, 10, 11 и 12.

**Графикон 5.** Осудени лица според видот на кривичното дело




**Табела 9.** Осудени лица според видот на кривичното дело (2017-2023)

| Година | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени** | 6273 | 5857 | 4712 | 6351 | 7634 | 7769 | 6528 | 6446 | |
| **КД против животот и телото** | 664 | 659 | 422 | 464 | 499 | 557 | 502 | 538 | 8,3 |
| **КД против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 234 | 219 | 216 | 248 | 347 | 341 | 363 | 281 | 4,4 |
| **КД против изборите и гласањето** | 5 | 3 | 2 | - | 1 | 10 | 5 | 4 | 0,1 |
| **КД против работните односи** | 3 | 13 | 4 | 3 | 2 | 6 | 3 | 5 | 0,1 |
| **Кривични дела против честа и угледот** | 1 | - | - | - | - | - | - | 0 | 0,0 |
| **КД против половата слобода и половиот морал** | 38 | 44 | 20 | 29 | 31 | 43 | 42 | 35 | 0,5 |
| **КД против бракот, семејството и младината** | 252 | 215 | 182 | 210 | 260 | 235 | 291 | 235 | 3,6 |
| **КД против здравјето на луѓето** | 289 | 237 | 280 | 2034 | 2197 | 1574 | 671 | 1040 | 16,1 |
| **КД против животната средина и природата** | 62 | 52 | 59 | 52 | 73 | 77 | 72 | 64 | 1,0 |
| **КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 177 | 119 | 104 | 94 | 162 | 149 | 230 | 148 | 2,3 |
| **КД против имотот** | 2427 | 2339 | 1812 | 1631 | 1964 | 2204 | 1858 | 2034 | 31,5 |
| **КД против општата сигурност на луѓето и имотот** | 83 | 81 | 76 | 57 | 86 | 95 | 102 | 83 | 1,3 |
| **КД против безбедноста во јавниот сообраќај** | 1165 | 975 | 799 | 770 | 1056 | 1171 | 1253 | 1027 | 15,9 |
| **КД против државата** | 18 | - | 6 | 7 | 7 | 2 | 3 | 7 | 0,1 |
| **КД против вооружените сили** | 2 | 2 | - | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 0,0 |
| **КД против службената должност** | 96 | 92 | 53 | 75 | 80 | 98 | 126 | 89 | 1,4 |
| **КД против правниот сообраќај** | 154 | 154 | 111 | 132 | 176 | 318 | 208 | 179 | 2,8 |
| **КД против јавниот ред** | 401 | 483 | 418 | 385 | 492 | 648 | 542 | 481 | 7,5 |
| **КД против човечноста и меѓународното право** | 55 | 55 | 65 | 74 | 108 | 121 | 123 | 86 | 1,3 |
| **Останати кривични дела** | 125 | 100 | 76 | 76 | 90 | 104 | 125 | 99 | 1,5 |
| **КД предвидени со посебни закони** | 22 | 15 | 7 | 9 | 1 | 15 | 8 | 11 | 0,2 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

**Табела 10**. Осудени полнолетни лица според групи кривични дела од КЗМ и изречени казни (2017-2023)

| | 2017 | | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 2739 | | 2403 | | 2186 | | 3416 | | 4287 | | 4360 | | 3347 | |
| **Кривични дела против животот и телото** | 284 | 10.4 % | 248 | 10.3 % | 164 | 7.5 % | 185 | 5.4 % | 166 | 3.9 % | 176 | 4.0 % | 148 | 4.4 % |
| **Кривични дела против слободите и правата на** | 74 | 2.7 % | 49 | 2.0 % | 66 | 3.0 % | 78 | 2.3 % | 98 | 2.3 % | 97 | 2.2 % | 89 | 2.7 % |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **човекот и граѓанинот** | | | | | | | | | | | | | | |
| **Кривични дела против изборите и гласањето** | 1 | 0.0 % | 1 | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | 3 | 0.1 % | - | 0.0 % |
| **Кривични дела против работните односи** | 1 | 0.0 % | 4 | 0.2 % | 3 | 0.1 % | 1 | 0.0 % | 2 | 0.0 % | 4 | 0.1 % | 1 | 0.0 % |
| **Кривични дела против честа и угледот** | 1 | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % |
| **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | 29 | 1.1 % | 34 | 1.4 % | 15 | 0.7 % | 21 | 0.6 % | 23 | 0.5 % | 31 | 0.7 % | 31 | 0.9 % |
| **Кривични дела против бракот, семејството и младината** | 50 | 1.8 % | 34 | 1.4 % | 57 | 2.6 % | 42 | 1.2 % | 41 | 1.0 % | 30 | 0.7 % | 71 | 2.1 % |
| **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 141 | 5.1 % | 128 | 5.3 % | 138 | 6.3 % | 1699 | 49.7 % | 1701 | 39.7 % | 1186 | 27.2 % | 412 | 12.3 % |
| **Кривични дела против животната средина и природата** | 27 | 1.0 % | 10 | 0.4 % | 27 | 1.2 % | 11 | 0.3 % | 33 | 0.8 % | 24 | 0.6 % | 33 | 1.0 % |
| **Кривични дела против имотот** | 854 | 31.2 % | 903 | 37.6 % | 807 | 36.9 % | 556 | 16.3 % | 1008 | 23.5 % | 1253 | 28.7 % | 1005 | 30.0 % |
| **Кривични дела против културното наследство и природните реткости** | 1 | 0.0 % | - | 0.0 % | 3 | 0.1 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | 1 | 0.0 % |
| **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 114 | 4.2 % | 47 | 2.0 % | 68 | 3.1 % | 62 | 1.8 % | 129 | 3.0 % | 97 | 2.2 % | 174 | 5.2 % |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 34 | 1.2 % | 23 | 1.0 % | 26 | 1.2 % | 14 | 0.4 % | 18 | 0.4 % | 22 | 0.5 % | 19 | 0.6 % |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 814 | 29.7 % | 621 | 25.8 % | 493 | 22.6 % | 477 | 14.0 % | 748 | 17.4 % | 900 | 20.6 % | 972 | 29.0 % |
| **Кривични дела против државата** | 17 | 0.6% | - | 0.0% | 1 | 0.0% | 6 | 0.2% | 7 | 0.2% | 2 | 0.0% | 3 | 0.1% |
| **Кривични дела против оружените сили** | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | 1 | 0.0 % | - | 0.0 % | 1 | 0.0 % | - | 0.0 % |
| **Кривични дела против службената должност** | 11 | 0.4 % | 30 | 1.2 % | 19 | 0.9 % | 21 | 0.6 % | 18 | 0.4 % | 27 | 0.6 % | 42 | 1.3 % |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кривични дела против правосудството** | 49 | 1.8 % | 38 | 1.6 % | 27 | 1.2 % | 28 | 0.8 % | 17 | 0.4 % | 29 | 0.7 % | 36 | 1.1 % |
| **Кривични дела против правниот сообраќај** | 54 | 2.0 % | 34 | 1.4 % | 40 | 1.8 % | 36 | 1.1 % | 59 | 1.4 % | 183 | 4.2 % | 57 | 1.7 % |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 130 | 4.7 % | 170 | 7.1 % | 183 | 8.4 % | 129 | 3.8 % | 138 | 3.2 % | 196 | 4.5 % | 156 | 4.7 % |
| **Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | 47 | 1.7 % | 26 | 1.1 % | 47 | 2.2 % | 47 | 1.4 % | 80 | 1.9 % | 93 | 2.1 % | 93 | 2.8 % |
| **Кривични дела од посебни закони** | 6 | 0.2 % | 3 | 0.1 % | 2 | 0.1 % | 2 | 0.1 % | 1 | 0.0 % | 6 | 0.1 % | 4 | 0.1 % |
| | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

**Табела 11**. Осудени полнолетни лица според групи кривични дела од КЗМ и изречени алтернативни мерки (2017-2023)

| | 2017 | | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 3534 | | 3454 | | 2526 | | 2927 | | 3323 | | 3383 | | 3152 | |
| **Кривични дела против животот и телото** | 380 | 10.8 % | 411 | 11.9 % | 258 | 10.2 % | 279 | 9.5 % | 329 | 9.9 % | 376 | 11.1 % | 348 | 11.0 % |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 160 | 4.5 % | 170 | 4.9 % | 150 | 5.9 % | 168 | 5.7 % | 243 | 7.3 % | 239 | 7.1 % | 269 | 8.5 % |
| **Кривични дела против изборите и гласањето** | 4 | 0.1 % | 2 | 0.1 % | 2 | 0.1 % | - | 0.0 % | 1 | 0.0 % | 7 | 0.2 % | 5 | 0.2 % |
| **Кривични дела против работните односи** | 2 | 0.1 % | 9 | 0.3 % | 1 | 0.0 % | 2 | 0.1 % | - | 0.0 % | 2 | 0.1 % | 2 | 0.1 % |
| **Кривични дела против честа и угледот** | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % |
| **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | 9 | 0.3 % | 10 | 0.3 % | 5 | 0.2 % | 8 | 0.3 % | 8 | 0.2 % | 12 | 0.4 % | 11 | 0.3 % |
| **Кривични дела против бракот, семејството и младината** | 202 | 5.7 % | 181 | 5.2 % | 125 | 4.9 % | 168 | 5.7 % | 218 | 6.6 % | 205 | 6.1 % | 217 | 6.9 % |
| **Кривични дела против здравјето на** | 148 | 4.2 % | 109 | 3.2 % | 142 | 5.6 % | 335 | 11.4 % | 494 | 14.9 % | 386 | 11.4 % | 259 | 8.2 % |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **луѓето** | | | | | | | | | | | | | | |
| **Кривични дела против животната средина и природата** | 35 | 1.0 % | 42 | 1.2 % | 32 | 1.3 % | 41 | 1.4 % | 40 | 1.2 % | 52 | 1.5 % | 39 | 1.2 % |
| **Кривични дела против имотот** | 1573 | 44.5 % | 1436 | 41.6 % | 1005 | 39.8 % | 1074 | 36.7 % | 955 | 28.7 % | 950 | 28.1 % | 852 | 27.0 % |
| **Кривични дела против културното наследство и природните реткости** | 2 | 0.1 % | 1 | 0.0 % | 2 | 0.1 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | 1 | 0.0 % | 3 | 0.1 % |
| **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 63 | 1.8 % | 72 | 2.1 % | 36 | 1.4 % | 32 | 1.1 % | 33 | 1.0 % | 52 | 1.5 % | 56 | 1.8 % |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 49 | 1.4 % | 58 | 1.7 % | 50 | 2.0 % | 42 | 1.4 % | 67 | 2.0 % | 71 | 2.1 % | 77 | 2.4 % |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 351 | 9.9 % | 354 | 10.2 % | 306 | 12.1 % | 293 | 10.0 % | 308 | 9.3 % | 271 | 8.0 % | 281 | 8.9 % |
| **Кривични дела против државата** | 1 | 0.0 % | - | 0.0 % | 5 | 0.2 % | 1 | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % |
| **Кривични дела против оружените сили** | 2 | 0.1 % | 2 | 0.1 % | - | 0.0 % | - | 0.0 % | 2 | 0.1 % | - | 0.0 % | 1 | 0.0 % |
| **Кривични дела против службената должност** | 85 | 2.4 % | 62 | 1.8 % | 34 | 1.3 % | 54 | 1.8 % | 62 | 1.9 % | 71 | 2.1 % | 84 | 2.7 % |
| **Кривични дела против правосудството** | 73 | 2.1 % | 61 | 1.8 % | 44 | 1.7 % | 48 | 1.6 % | 73 | 2.2 % | 74 | 2.2 % | 85 | 2.7 % |
| **Кривични дела против правниот сообраќај** | 100 | 2.8 % | 120 | 3.5 % | 71 | 2.8 % | 96 | 3.3 % | 117 | 3.5 % | 135 | 4.0 % | 151 | 4.8 % |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 271 | 7.7 % | 313 | 9.1 % | 235 | 9.3 % | 253 | 8.6 % | 345 | 10.4 % | 442 | 13.1 % | 378 | 12.0 % |
| **Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | 8 | 0.2 % | 29 | 0.8 % | 18 | 0.7 % | 26 | 0.9 % | 28 | 0.8 % | 28 | 0.8 % | 30 | 1.0 % |
| **Кривични дела од посебни закони** | 16 | 0.5 % | 12 | 0.3 % | 5 | 0.2 % | 7 | 0.2 % | - | 0.0 % | 9 | 0.3 % | 4 | 0.1 % |
| | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % | | 100.0 % |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

**Табела 12.** Осудени полнолетни лица според групи кривични дела од КЗМ и изречени казни и алтернативни мерки (2017-2023)

| | 2017 | | | 2018 | | | 2019 | | | 2020 | | | 2021 | | | 2022 | | | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. осудени | Казни -вк. | Алтернативни мерки- | Вк. осудени | Казни -вк. | Алтернативни мерки- | Вк. осудени | Казни -вк. | Алтернативни мерки- | Вк. осудени | Казни -вк. | Алтернативни мерки- | Вк. осудени | Казни -вк. | Алтернативни мерки- | Вк. осудени | Казни -вк. | Алтернативни мерки- | Вк. осудени | Казни -вк. | Алтернативни мерки- |
| **Вкупно** | 6273 | 2739 | 3534 | 5857 | 2403 | 3454 | 4712 | 2186 | 2526 | 6351 | 3416 | 2927 | 7634 | 4287 | 3323 | 7769 | 4360 | 3383 | 6528 | 3347 | 3152 |
| **Кри-вич-ни дела против животот и тело-то** | 664 | 284 | 380 | 659 | 248 | 411 | 422 | 164 | 258 | 464 | 185 | 279 | 499 | 166 | 329 | 557 | 176 | 376 | 502 | 148 | 348 |
| **Кри-вич-ни дела против сло-бодите и правата на човекот и гра-ѓанинот** | 234 | 74 | 160 | 219 | 49 | 170 | 216 | 66 | 150 | 248 | 78 | 168 | 347 | 98 | 243 | 341 | 97 | 239 | 363 | 89 | 269 |
| **Кри-вич-ни дела против из-борите и гла-сањето** | 5 | 1 | 4 | 3 | 1 | 2 | 2 | - | 2 | - | - | - | 1 | - | 1 | 10 | 3 | 7 | 5 | - | 5 |
| **Кри-вич-ни дела против ра-бот-ните односи** | 3 | 1 | 2 | 13 | 4 | 9 | 4 | 3 | 1 | 3 | 1 | 2 | 2 | 2 | - | 6 | 4 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| **Кри-вич-ни дела против честа и угле-дот** | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Кри-вич-ни дела против половата слобода и половиот мо-рал** | 38 | 29 | 9 | 44 | 34 | 10 | 20 | 15 | 5 | 29 | 21 | 8 | 31 | 23 | 8 | 43 | 31 | 12 | 42 | 31 | 11 |
| **Кри-вич-ни дела против бра-кот, се-меј-ството и младината** | 252 | 50 | 202 | 215 | 34 | 181 | 182 | 57 | 125 | 210 | 42 | 168 | 260 | 41 | 218 | 235 | 30 | 205 | 291 | 71 | 217 |
| **Кри-вич-ни дела против здравјето на луѓе-то** | 289 | 141 | 148 | 237 | 128 | 109 | 280 | 138 | 142 | 2034 | 1699 | 335 | 2197 | 1701 | 494 | 1574 | 1186 | 386 | 671 | 412 | 259 |
| **Кри-вич-ни дела против животната средина и при-родата** | 62 | 27 | 35 | 52 | 10 | 42 | 59 | 27 | 32 | 52 | 11 | 41 | 73 | 33 | 40 | 77 | 24 | 52 | 72 | 33 | 39 |
| **Кри-вич-ни дела против имо-тот** | 2427 | 854 | 1573 | 2339 | 903 | 1436 | 1812 | 807 | 1005 | 1631 | 556 | 1074 | 1964 | 1008 | 955 | 2204 | 1253 | 950 | 1858 | 1005 | 852 |
| **Кри-вич-ни дела про-** | 3 | 1 | 2 | 1 | - | 1 | 5 | 3 | 2 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 | 4 | 1 | 3 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **тив кул-тур-ното нас-лед-ство и при-род-ните рет-ко-сти** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Кри-вич-ни де-ла против јавни-те фи-нансии, платниот про-мет и сто-пан-ство-то** | 177 | 114 | 63 | 119 | 47 | 72 | 104 | 68 | 36 | 94 | 62 | 32 | 162 | 129 | 33 | 149 | 97 | 52 | 230 | 174 | 56 |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 83 | 34 | 49 | 81 | 23 | 58 | 76 | 26 | 50 | 57 | 14 | 42 | 86 | 18 | 67 | 95 | 22 | 71 | 102 | 19 | 77 |
| **Кривични де-ла против без-бедно-ста на јавни-от сообраќај** | 1165 | 814 | 351 | 975 | 621 | 354 | 799 | 493 | 306 | 770 | 477 | 293 | 1056 | 748 | 308 | 1171 | 900 | 271 | 1253 | 972 | 281 |
| **Кривични де-ла против државата** | 18 | 17 | 1 | - | - | - | 6 | 1 | 5 | 7 | 6 | 1 | 7 | 7 | - | 2 | 2 | - | 3 | 3 | - |
| **Кривични де-ла против оруже-ни-те си-ли** | 2 | - | 2 | 2 | - | 2 | - | - | - | 1 | 1 | - | 2 | - | 2 | 1 | 1 | - | 1 | - | 1 |
| **Кривични де-ла против службена-та должност** | 96 | 11 | 85 | 92 | 30 | 62 | 53 | 19 | 34 | 75 | 21 | 54 | 80 | 18 | 62 | 98 | 27 | 71 | 126 | 42 | 84 |
| **Кривич-ни де-ла про-тив пра-во-суд-ството** | 122 | 49 | 73 | 99 | 38 | 61 | 71 | 27 | 44 | 76 | 28 | 48 | 90 | 17 | 73 | 103 | 29 | 74 | 121 | 36 | 85 |
| **Кри-вич-ни де-ла про-тив правниот соо-бра-ќај** | 154 | 54 | 100 | 154 | 34 | 120 | 111 | 40 | 71 | 132 | 36 | 96 | 176 | 59 | 117 | 318 | 183 | 135 | 208 | 57 | 151 |
| **Кри-вич-ни де-ла про-тив јав-ни-от ред** | 401 | 130 | 271 | 483 | 170 | 313 | 418 | 183 | 235 | 385 | 129 | 253 | 492 | 138 | 345 | 648 | 196 | 442 | 542 | 156 | 378 |
| **Кри-вич-ни де-ла про-тив чо-веч-но-ста и ме-ѓу-на-род-но-то пра-во** | 55 | 47 | 8 | 55 | 26 | 29 | 65 | 47 | 18 | 74 | 47 | 26 | 108 | 80 | 28 | 121 | 93 | 28 | 123 | 93 | 30 |

***Извор:*** *Државен завод за статистика на РСМ*

*Може да се заклучи* дека за кривичните дела против половата слобода и половиот морал, имотот, јавните финансии, платниот промет и стопанството, безбедноста на јавниот сообраќај и против човечноста и меѓународното право, судовите изрекуваат повеќе казни отколку алтернативни мерки.

Додека за кривичните дела против животот и телото, изборите и гласањето, работните односи, бракот, семејството и младината, животната средина и природата, културното наследство и природните реткости, општата сигурност на луѓето и имотот, државата, вооружените сили, службената должност, правосудството, правниот сообраќај и јавниот ред, судовите почесто изрекуваат алтернативна мерка, за сметка на казните, и тоа во соодност кој честопати надминува и еден наспрема три во однос на алтернативните мерки.

Рамноправен однос помеѓу изречените казни и алтернативни мерки се забележува единствено кај кривичните дела против здравјето на луѓето, каде судовите генерално изрекуваат приближно ист број казни и/или алтернативни мерки.

Пред да се изведуваат заклучоци за тоа дека како поважни вредности кои се штитат со изрекување потешки санкции (казни) се сметаат честа и угледот, половата слобода и половиот морал, имотот, јавните финансии, платниот промет и стопанството, безбедноста на јавниот сообраќај и против човечноста и меѓународното право и сл., за сметка на животот и телото, изборите и гласањето, работните односи, бракот, семејството и младината, животната средина и природата, културното наследство и природните реткости, општата сигурност на луѓето и имотот, државата, вооружените сили, службената должност, правосудството, правниот сообраќај и јавниот ред, секако дека треба да се направат дополнителни анализи за начинот и мотивите од кои се сторени кривичните дела. За објаснување на фактот што за кривичните дела против имотот почесто се изрекуваат казни отколку алтернативни мерки, може да послужи податокот дека кај оваа група кривични дела најчесто е изразен рецидивизмот. Имено, во просек околу 65 % од рецидивистите вршат токму кривични дела против имотот. Оттука, сторителите на овој криминалитет не ги задоволуваат условите за изрекување алтернативни мерки, а, од друга страна, судиите при изборот и одмерувањето на санкцијата го земаат предвид повторот како отежнувачка околност.

## 1.8 Осудени полнолетни лица според основните судови, видот на изречените казни и алтернативните мерки

Според податоците од Државниот завод за статистика за 2023 година може да ги изведеме следниве заклучоци за осудени полнолетни лица според основните судови, видот на изречените казни и алтернативните мерки.

Согласно овие податоци, очекувано е најголемиот број пресуди да се изречени од најголемиот суд во државата – Основниот кривичен суд во Скопје, кој има изречено скоро 1/3 од вкупниот број пресуди за осудените лица. Имено, од осудените 6.528 полнолетни лица, Основниот кривичен суд (односно, согласно претходниот законски назив Основен Суд Скопје 1) осудил 1.861 лица. Притоа доколку на оваа бројка ги додадеме и осудените лица од страна на овој суд, но за кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција, пресудени од страна на специјализираното одделение пред овој суд, тогаш може да заклучиме дека Основниот кривичен суд осудил вкупно 2.137 лица, што е точно 1/3 од вкупно осудените лица.

Покрај овој суд, забележлив е бројот на осудени лица од страна на поголемите основни судови, како Основните судови во Битола и Тетово, со околу 400 до 500 осудени, а потоа со околу 300 осудени лица се рангираат судовите во Прилеп, Велес, Струмица и Штип. Во однос на видот на пресудите, интересна е поделбата по скоро половина од осудените лица на казни и на алтернативни мерки. Притоа, очекувано, доминира казната затвор од казните, додека од алтернативните мерки доминира условната осуда. Забележливо е дека и кај казните и кај алтернативните мерки, воопшто не биле изречени определени видови санкции, како, на пример, казните: Забрана за посетување спортски натпревари или Забраната за вршење професија, дејност и должност, којашто е изречена во само еден случај. Ова, може да се смета и за статистичка грешка во однос на бројот на изречени пресуди. Исто така, и алтернативните мерки Условно прекинување на кривичната постапка и мерката Куќен затвор, не биле изречени ниту еднаш. Ваквите

показатели може да го генерираат заклучокот дека е потребна дополнителна анализа во однос на причините за вака ретката примена на овие санкции, а со тоа и да се преоцени и потребата од нивното постоење како санкции.

Податоците се сумирани во Табела 13.

**Табела 13.** Осудени полнолетни лица според основните судови, видот на изречените казни и алтернативните мерки

| | Осудени полнолетни | Жени | Главни казни, | Затвор | Парична казна | Споредни казни, | Забрана за вршење | Забрана за управување со моторно | Протерување странец | Забрана за посетување спортски | Алтернативни мерки, | Условна затвор | Условна парична | Условна осуда со заштитен | Условно прекинување на кривичната | Општокорисна работа | Судска опомена | Куќен | мерка на безбедност без изрекување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 6528 | 568 | 3039 | 1417 | 184 | 308 | 1 | 94 | 29 | - | 3152 | 2923 | 115 | 60 | - | 7 | 47 | - | 29 |
| **Дебар** | 64 | 8 | 64 | 51 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Ресен** | 62 | 7 | 7 | 5 | - | - | - | - | - | - | 55 | 55 | - | - | - | - | - | - | - |
| **Струга** | 89 | 9 | 58 | 17 | - | 1 | - | - | 1 | - | 30 | 24 | 5 | - | - | - | 1 | - | - |
| **Кичево** | 315 | 25 | 118 | 46 | 1 | 1 | - | - | - | - | 195 | 186 | 1 | - | - | - | 8 | - | 1 |
| **Охрид** | 142 | 21 | 54 | 19 | 4 | 8 | - | 4 | - | - | 80 | 71 | 9 | - | - | - | - | - | - |
| **Крушево** | 25 | 1 | 10 | - | - | - | - | - | - | - | 15 | 15 | - | - | - | - | - | - | - |
| **Битола** | 438 | 49 | 167 | 105 | 21 | 26 | - | 5 | - | - | 244 | 218 | 22 | - | - | - | 4 | - | 1 |
| **Прилеп** | 339 | 29 | 139 | 44 | 20 | 32 | - | 12 | - | - | 167 | 155 | 2 | - | - | - | 10 | - | 1 |
| **Кавадарци** | 176 | 19 | 58 | 21 | 10 | 12 | - | 2 | - | - | 103 | 91 | 12 | - | - | - | - | - | 3 |
| **Неготино** | 133 | 10 | 42 | 14 | - | - | - | - | - | - | 90 | 88 | 1 | - | - | - | 1 | - | 1 |
| **Гевгелија** | 234 | 19 | 84 | 32 | - | 9 | - | 3 | 6 | - | 141 | 138 | 1 | - | - | - | 2 | - | - |
| **Велес** | 307 | 26 | 129 | 79 | 6 | 8 | 1 | 1 | - | - | 165 | 160 | - | 3 | - | 1 | 1 | - | 5 |
| **Крива Паланка** | 104 | 2 | 18 | - | - | - | - | - | - | - | 86 | 85 | 1 | - | - | - | - | - | - |
| **Куманово** | 261 | 19 | 125 | 65 | 8 | 11 | - | 2 | 1 | - | 124 | 113 | 9 | 1 | - | - | 1 | - | 1 |
| **Кратово** | 15 | 3 | 4 | - | - | - | - | - | - | - | 11 | 11 | - | - | - | - | - | - | - |
| **Гостивар** | 37 | 2 | 12 | - | 1 | 3 | - | 2 | - | - | 22 | 14 | 8 | - | - | - | - | - | - |
| **Тетово** | 405 | 3 | 24 | 3 | - | - | - | - | - | - | 157 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 7 | 8 | 1 | | | | | | | | 57 | | | | | | |
| **Дел-чево** | 43 | 1 | 38 | 22 | - | 3 | - | 3 | - | - | 2 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - |
| **Берово** | 61 | 3 | 24 | 2 | 1 | 1 | - | - | - | - | 36 | 27 | 7 | - | - | - | 2 | - | - |
| **Радовиш** | 44 | 6 | 12 | 3 | - | - | - | - | - | - | 32 | 26 | 6 | - | - | - | - | - | - |
| **Све-ти Николе** | 95 | 7 | 15 | 7 | 2 | 4 | - | 2 | - | - | 76 | 68 | 8 | - | - | - | - | - | - |
| **Струмица** | 320 | 25 | 100 | 44 | 31 | 33 | - | 2 | - | - | 183 | 164 | 15 | - | - | - | 4 | - | 4 |
| **Кочани** | 269 | 26 | 112 | 73 | 11 | 16 | - | 4 | 1 | - | 138 | 134 | 2 | - | - | - | 2 | - | 3 |
| **Штип** | 320 | 30 | 139 | 90 | 36 | 39 | - | 3 | - | - | 139 | 135 | - | - | - | - | 4 | - | 3 |
| **Скопје 1** | 1861 | 156 | 1033 | 456 | 31 | 77 | - | 46 | - | - | 747 | 673 | 5 | 56 | - | 6 | 7 | - | 4 |
| **Виница** | 93 | 12 | 88 | 54 | - | 3 | - | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 |
| **Скопје – орга-низи-ран кри-ми-нал** | 276 | 16 | 141 | 137 | 1 | 21 | - | - | 20 | - | 114 | 114 | - | - | - | - | - | - | - |

***Извор:*** *Државен завод за статистика на РСМ*

**ЗАКЛУЧОК**

Согласно Препораката на Советот на Европа во врска со конзистентност во казнувањето,[39] институционалните казни треба да се земаат предвид како последна санкција и да се изрекуваат само во случаи на сторени тешки казнени дела (дел В точка 5(а)). Понатаму, се препорачува примена на вонинституционални санкции и мерки за сметка на рестриктивна примена на казната затвор за поединечни казнени дела (точка 5 (ц)). А, доколку лицето не се придржува до извршување на изречената вонинституционална санкција или мерка, во тој случај лицето може да се упати во затвор, но само доколку се исцрпени сите останати вонинституционални санкции и мерки.[40]

Во јавноста не ретко се истакнува дека казнената политика на Република Северна Македонија е блага, па оттука јавноста сѐ почесто бара да се поострат казните во Кривичниот законик, а на сторителите на кривични дела да им се изрекуваат построги казни со цел да се намалат стапките на криминал, а, истовремено, според сфаќањата на јавноста, построгите казни ќе бидат справедливи согласно сторените кривични дела. Но, како резултат на бројни спроведени истражувања, може да се заклучи дека не строгоста на казната туку итноста на изречената казна и извесната казна, ги одвраќаат лицата од сторување казнени дела.[41]

---

[39] Recommendation No. R (92) 17 of the Committee of Ministers to Member States Concerning Consistency in Sentencing.

[40] В. повеќе Груевска-Дракулевски, А. (2010) „Влијание на казната затвор врз рецидивизмот“ (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

[41] Теоретичари што се занимаваат со истражувања во областа на застрашувањето како цел на казнувањето истакнуваат дека кога станува збор за генералната превенција, веројатноста од откривање и осуда е она што многу повеќе ги одвраќа сторителите на казнени дела, а не толку строгоста на казната (Bottoms *et al.:* 2004). Генералната превенција се базира на премисата дека заканата со кривична санкција ќе ги одврати потенцијалните сторители на казнени дела од криминално однесување. Истражувањата за (не)успешноста на генералната превенција главно се фокусирани на смртната казна и контрола на оружје. Така, на пример, резултатите од истражувањето за генерално превентивниот ефект на смртната казна покажале дека заканата од смртна казна за сторено дело убиство, немала ефект на одвраќање на сторителите на казнени дела (Maltz ([1984] 2001). Но, истражувањето за ефектот на генерална превенција по донесувањето заострени мерки за дела сторени со употреба на огнено оружје, покажале дека одделни казнени дела не се случиле како резултат на застрашувачкото дејство. Статистички е поткрепено становиштето дека веројатноста од откривање и осуда ја намалува стапката на криминалитет (Home Office: 2001, бр.129). Или, ризикот од казна, а не толку строгоста на казната, е најзначаен фактор за намалување на криминалот (Langan and Farrington: 1998). Исто така, се истакнува дека многу е покорисно да се работи на генерална превенција бидејќи истата се однесува на поголем број луѓе, што може да има поголемо влијание врз пораст на стапката на вкупниот криминалитет, па така истакнуваат дека построги казни ги одвраќаат потенцијалните сторители на казнени дела (*Ibid*). За ова в. повеќе: Груевска-Дракулевски, А. (2010) „Влијание на казната затвор врз рецидивизмот“ (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, стр.191-195.

Одмерувањето на казната по вид и висина во голема мера зависи од поставената цел на казнување. А од целта на казнувањето, пак, зависи строгоста, односно благоста на конкретниот казненоправен систем. Несомнено системите кои како доминантна цел на казнувањето ја пропишуваат превенцијата (генерална или специјална) или ретрибуцијата, се карактеризираат со поголема строгост во казнувањето, наспроти системите кои ја пропагираат рехабилитацијата, на пример, како главна цел на казнувањето. Но, она што сепак заслужува поголемо внимание, не е строгоста т.е. благоста на конкретната политика на казнување, туку нејзината адекватност. Ако политиката на казнување одговара на поставените цели тогаш се работи за адекватна, реална и општествено оправдана казнена политика.

Доста често одредени криминални настани во земјата имаат сериозно влијание врз судската казнена политика. Ова во голема мера зависи од тоа како информациите се пренесуваат од медиумите до граѓаните. Медиумските известувања многу често го обликуваат мислењето и перцепцијата на јавноста. Ова, пак, влијае на стручната јавност, како и на креаторите на политиките во земјата, но и на судската казнена политика.[42]

Во 2020 година, јавниот интерес во Северна Македонија беше насочен кон проблемот со сообраќајните прекршоци и кривични дела. Со оглед на фактот дека секогаш кога сообраќајна несреќа резултира со смртни последици, телесна повреда на лице или значителна материјална штета - тоа претставува кривично дело, граѓаните и граѓанското општество го насочија вниманието кон казнената политика на судовите при одмерувањето на казните. Во последните години се одржаа неколку протести на граѓани како резултат на изгубените животи на млади луѓе. Граѓаните бараа вистинска правда и одговорност. Медиумското известување и реакциите на јавноста се чинеше дека имаат влијание врз политиката на судиите за изрекување казни. Има промени и во политиката на изрекување казни. Судиите претходно имаа тенденција да изрекуваат алтернативни мерки до процент од речиси 40 %, сепак, трендот се промени од 2020 до 2023 година, а процентот на изречени казни постојано се зголемуваше од 2020 до 2023 година; имено, се зголеми од

[42] Gruevska Drakulevski, A. and Deanoska Trendafilova, A. “The Impact of the Public Interest on the Legislative and Judicial Penal Policy: The Case of the Republic of North Macedonia”, Routledge (In print).

околу 62 % во 2020 година на 77,6 % во 2023 година, а процентот на алтернативни мерки се намали од 38 % во 2020 година на 22,4 % во 2023 година.[43]

Друг пример се делата на педофилија. Во случајот со делата на педофилија во далечната 2008 година, се чини дека јавноста и медиумите предизвикаа лавина од законски промени кои немаа значително влијание врз политиката на одмерување казни.[44]

Од анализата на податоците во однос на изречените санкции од страна на судовите во РСМ може да се извлечат следните заклучоци.

- Ако ги земеме предвид податоците за вкупно пријавени полнолетни сторители на кривични дела (податоци што се најблизу до реалниот (не)откриен криминалитет), може да заклучиме дека во анализираниот период криминалитетот во РСМ бележи флуктуации со забележан пад во последните години. Исто така, може да се заклучи дека полицијата мора за потребите на кривичната пријава да обезбеди цврсти докази, за да не се случува само 33,9 % од вкупно пријавените полнолетни лица да бидат и осудени за конкретно стореното кривично дело. Понатаму во текстот се анализирани податоците за вкупно осудени полнолетни сторители на кривични дела.
- Бројот на осудени полнолетни лица во анализираниот период (2017-2023) бележи драстичен пад до 2020 година, по што во следните години следи благ пораст. Најголем број од полнолетните сторители на кривични дела се осудени за кривични дела против имотот, во просек 31,5 %. Со ова уште еднаш се потврдува една феноменолошка карактеристика на криминалитетот во РСМ, дека најголемиот број сторители на кривични дела се сторители на имотни деликти, пред сè тешки кражби, по што следуваат измами, па разбојнички кражби, разбојништва, итн. Следуваат групата на кривични дела против

[43] Да потсетиме на некои случаи од судската пракса. „Четири години затвор за возачот Јордан Ѓоргиев, осуден за сообраќајната несреќа во која на пешачки премин кај „Сити мол“ загина 24-годишната Викторија Николова.“ „Шест и пол години затвор за 26-годишниот Љубиша Видојковиќ, кој на 3 април минатата година кај Универзална сала ја прегази студентката Фросина Цековска од Крива Паланка на булеварот „Партизански одреди“.“ „Возачот кој ја предизвика тешката сообраќајна несреќа со смртни последици кај „Млечен ресторан“ во 2018 година и првично беше осуден на условна казна, сепак ќе оди во затвор две години. Вака решил Апелацискиот суд откако ја преиначил првостепената пресуда.“ За повеќе в.: Груевска Дракулевски, А. (2022) „Сообраќајната деликвенција во Република Северна Македонија: за потребата од воведување нова инкриминација во Кривичниот законик – безобѕирно управување со моторно возило“, Македонска ревија за кривично право и криминологија, ISSN 1409-5327, год.29, бр.1-2, 2022, Здружение за кривично право и криминологија, 2 Август С Штип, Скопје.

[44] Gruevska Drakulevski, A. and Deanoska Trendafilova, A. „The Impact of the Public Interest on the Legislative and Judicial Penal Policy: The Case of the Republic of North Macedonia“, Routledge (In print).

здравјето на луѓето, потоа, кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај, групата кривични дела против животот и телото. Потоа, главата кривични дела против јавниот ред, кривичните дела против бракот и семејството, па кривичните дела против правниот сообраќај и кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Останатите кривични дела се со процентуално учество од 1,5 % и помало во вкупниот број осудени полнолетни лица. Може да се заклучи дека пресудениот криминалитет во РСМ во анализираниот период се одвива според одредени закономерности без драстични отстапувања по однос на неговиот обем и структура.

- Од вкупниот број изречени кривични санкции во анализираниот период, во просек биле изречени 50,39 % казни, а 49,42 % алтернативни мерки.
- Од вкупниот број осудени лица, во просек, 19 % се осудени на казна затвор, а 28 % на парична казна.
- Од вкупниот број изречени алтернативни мерки (49,42 %), дури 92,8 %, во просек, биле изречени условни осуди на казната затвор, потоа 4,6 % биле условни осуди на парична казна и 1,4 % биле изречени судски опомени. Алтернативната мерка условна осуда со заштитен надзор била изречена во 0,6 %, исто и општокорисната работа. Останатите алтернативни мерки: условно прекинување на кривичната постапка и куќен затвор, воопшто не биле изречени.
- Се соочуваме со една ситуација дека овие алтернативни мерки треба почесто да се изрекуваат, со оглед на фактот што казнената политика во однос на изречените ефективни казни затвор е блага, доминираат казните затвор во висина до 6 месеци (30,2 %) и казните затвор од 6 месеци до 1 година (27,4 %). Оттука, нема причина зошто судиите не би се одлучувале почесто за некоја од алтернативните мерки, се разбира доколку се исполнети формалните и материјалните услови за нивно изрекување. Зачудува фактот зошто судиите во РСМ воопшто не ја изрекуваат, на пример, алтернативната мерка условно прекинување на кривичната постапка, за која нема потреба од создавање дополнителни услови за нејзино извршување.
- Во секој случај, почестата примена на алтернативните мерки за сметка на ефективната казна затвор, ќе придонесе за разрешување на некои проблеми со кои се соочува нашиот пенитенцијарен систем, пред сè проблемот на пренаселеност

(пренатрупаност) на казненопоправните установи, потоа, алтернативните мерки се начин за анулирање на проблемот на криминална инфекција што пак е значајно за намалување на стапките на рецидивизам во РСМ.

- Во однос на бројот на изречени посебни казненоправни мерки, во смисла на изречените мерки одземање предмети, во анализираниот период забележува тренд на зголемување. За жал, забележлив и загрижувачки е трендот на минимална примена на мерката конфискација на имот. Дотолку повеќе, доколку се земе предвид фактот дека доминантно пресудените кривични предмети се за извршени кривични дела против имотот или други лукративни кривични дела, може да се констатира дека е премногу ниска примената на мерката конфискација. Имено, со оглед на тоа дека ретко која година процентот на применети мерки конфискација на имот надминува еден процент од вкупно пресудените предмети, може да се заклучи дека судовите многу ретко, или воопшто не ја применуваат конфискацијата на имот како мерка. Ова само го потврдува заклучокот дека за почеста примена на мерката конфискација, неопходно е органите на прогонот во текот на истрагата да спроведуваат и финансиски истраги паралелно со истрагата за стореното кривично дело, со што, доколку навремено се открие и замрзне противправно стекнатиот имот, може да се очекува и пораст на бројката на изречени мерки конфискација на имот.
- Од вкупниот број осудени лица, во просек, конфискацијата на имот и имотна корист била изречена во 0,78 %, а одземањето предмети во 10,2 9%.
- За кривичните дела против половата слобода и половиот морал, имотот, јавните финансии, платниот промет и стопанството, безбедноста на јавниот сообраќај и против човечноста и меѓународното право, судовите изрекуваат повеќе казни отколку алтернативни мерки. Додека за кривичните дела против животот и телото, изборите и гласањето, работните односи, бракот, семејството и младината, животната средина и природата, културното наследство и природните реткости, општата сигурност на луѓето и имотот, државата, вооружените сили, службената должност, правосудството, правниот сообраќај и јавниот ред, судовите почесто изрекуваат алтернативна мерка, за сметка на казните, и тоа во соодност кој честопати надминува и еден наспрема три во однос на алтернативните мерки. Рамноправен однос помеѓу изречените казни и алтернативни

мерки се забележува единствено кај кривичните дела против здравјето на луѓето, каде судовите генерално изрекуваат приближно ист број казни и/или алтернативни мерки.

- Пред да се изведуваат заклучоци за тоа дека како поважни вредности кои се штитат со изрекување потешки санкции (казни) се сметаат честа и угледот, половата слобода и половиот морал, имотот, јавните финансии, платниот промет и стопанството, безбедноста на јавниот сообраќај и против човечноста и меѓународното право и сл., за сметка на животот и телото, изборите и гласањето, работните односи, бракот, семејството и младината, животната средина и природата, културното наследство и природните реткости, општата сигурност на луѓето и имотот, државата, вооружените сили, службената должност, правосудството, правниот сообраќај и јавниот ред, секако дека треба да се направат дополнителни анализи за начинот и мотивите од кои се сторени кривичните дела. За објаснување на фактот што за кривичните дела против имотот почесто се изрекуваат казни отколку алтернативни мерки, може да послужи податокот дека кај оваа група кривични дела најчесто е изразен рецидивизмот. Имено, во просек околу 65 % од рецидивистите вршат токму кривични дела против имотот. Оттука, сторителите на овој криминалитет не ги задоволуваат условите за изрекување алтернативни мерки, а, од друга страна, судиите при изборот и одмерувањето на санкцијата го земаат предвид повторот како отежнувачка околност.

***

На крај, може да заклучиме дека самиот поим на строгост или благост во казнувањето е сложен и релативен. Санкциите се разликуваат според својата природа и траење и се изрекуваат заради остварување различни цели. Строгоста/ благоста на казнената политика не може да се цени само според бројот на изречени казни затвор, туку треба да се земат предвид и другите санкции (паричната казна, останатите споредни казни, алтернативните мерки и сл.), што дополнително ја комплицира работата бидејќи луѓето различно ги перцепираат и ги сфаќаат поедините вредности како што се слобода, пари, углед и сл. Од друга страна, кога се зборува за строга, односно блага казнена политика, а притоа како критериум се земаат предвид изречените казни затвор и тука се поставува

прашањето дали строгоста, односно благоста треба да се мерат според бројот осудени лица на казна затвор или според должината на нејзиното траење и видот на казненопоправната установа каде се издржува.[45]

Оттука, потребни се дополнителни истражувања за казнената политика што ја водат судовите во РСМ. Прашање кое, исто така, заслужува особено внимание, се однесува на (не)уедначеноста на казнената политика. Имено, ефикасната криминална политика за сузбивање на криминалитетот, во голема мера е израз на уедначена политика на одмерување казна, која „во основа ќе биде обезбедена, со создавање оптимални услови за единственост во примената на раководните начела - легалитетот и индивидуализацијата, како основни елементи за судското одмерување на казната“.[46]

Во секој случај треба да се земат предвид препораките на Советот на Европа за што е можно поограничена примена на казната затвор и што е можно поширока примена на алтернативните санкции и мерки. Вонинституционалните санкции гледано на подолг рок се многу поефтини од казната затвор, но условната осуда со заштитен надзор, општокорисната работа и куќниот затвор бараат почетно поголемо вложување. Но, потребно е да се направи економска анализа која би покажала дека паричната казна и алтернативните санкции се многу поефтини отколку администрирањето на самата казна затвор, па на тој начин истите многу почесто би се применувале од страна на судовите. Да не заборавиме дека алтернативните мерки или санкциите во заедницата имаат и други бројни предности во однос на казната затвор. Санкциите во заедница му овозможуваат на осуденото лице да ја одбегне стигмата на затвореник, а, што е уште поважно, му се овозможува да ја избегне „криминалната зараза“ која неизбежно се шири во контактите со криминалците во затвор.

---

[45] Како последица на развивањето на установите од полуотворен и отворен вид, во нашата држава настануваат промени во таа насока што постојано се зголемува бројот на осудените лица што казната затвор ја издржуваат во установи од полуотворен и отворен вид. Се оценува дека денес околу 3-5 % од осудените лица казната затвор ја издржуваат во установи од отворен вид, а 24-31 % во установи од полуотворен вид. Пенолошките истражувања покажуваат дека постојат реални услови оваа структура и натаму да се менува во прилог на установите од полуотворен и отворен вид. Од друга страна, пак, според Годишните извештаи на Управата за извршување на санкциите на РСМ за работењето и состојбата во казненопоправните и воспитнопоправните установи во Република Македонија за 2008, 2009, 2010 и 2011 година, низ годините во просек 32-34 % од затворениците ја издржувале казната во затворено одделение на установата, 24-31 % во полуотворено одделение, а околу 31 % во отворено одделение. В. K. Turković: Komparativni prikaz osnovnih obilježja zakonske i sudske kaznene politike u Sloveniji, Austriji, Italiji, Njemačkoj i Republici Hrvatskoj, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 11, broj 2/2004, str. 947-999.

[46] Проевски, В. (1977) Судско одмерување на казна, Скопје, стр.127.

Исто така, мора да се убеди јавноста која не ретко истакнува дека казнената политика во РСМ е блага, дека не строгоста на казната туку итноста на изречената казна и извесната казна ги одвраќаат лицата од сторување казнени дела. Јавноста треба да се убеди дека треба да се намали репресивноста на системот на казнена правда. Потоа дека со вонинституционалните санкции воопшто не се доведува во прашање системот на казнена правда бидејќи тие водат сметка за положбата на оштетениот, жртвата, а осудениот се подложува на третман и надзор од стручни и овластени лица во заедницата и дека токму овие казни имаат поголем ефект во насока на намалување на стапките на рецидивизам.[47]

**Користена литература**

Ashworth, A., (2002), Sentencing, in Maguire, M., Morgan, R., & Reiner, R., (Eds.), The Oxford Handbook of Criminology, (third edition), New York: Oxford University Press Inc.

Bačić, F., Neophodne promene u oblasti krivnje u Jugoslovenskom krivičnom zakonodavstvu, Beograd, 1986/1-2, цитирано според Сулејманов.

Gruevska-Drakulevski, Aleksandra and Deanoska Trendafilova, Aleksandra „The Impact of the Public Interest on the Legislative and Judicial Penal Policy: The Case of the Republic of North Macedonia“, Routledge (In print).

Hirsch, von A. & Ashworth, A., (Eds.), (1998), Principled Sentencing: Readings on Theory and Policy, Oregon: Hart Publishing, Oxford and Portland.

Kokolj, Mitar (2009) „Kratak osvrt na uslovljenost i pravce kretanja kriminalne politike na područjima posebno pogođenim raspadom bivše zajedničke države, Naučni skup sa međunarodnim učešćem Sinergija 2009, Univerzitet Sinergija, Pravni fakultet, Bijeljina.

[47] За ова в. повеќе: Груевска-Дракулевски, А. (2010) „Влијание на казната затвор врз рецидивизмот“ (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Lažetić – Bužarovska, Gordana „Problemi kaznene politike u okviru sporazumevanja o krivičnoj sankciji u Republici Makedoniji“, Зборник на трудови: Казнена политика као инструмент државне политике на криминалитет, Бања Лука, април, 2014, стр. 93-104.

McLaughlin, E. & Muncie, J., (Eds.), (2001), The Sage Dictionary of Criminology, London: Sage Publications.

Milutinović, M., (1984), Kriminalna politika, Beograd: Savremena administracija.

Recommendation No. R (92) 17 of the Committee of Ministers to Member States Concerning Consistency in Sentencing.

Turković K.: Komparativni prikaz osnovnih obilježja zakonske i sudske kaznene politike u Sloveniji, Austriji, Italiji, Njemačkoj i Republici Hrvatskoj, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 11, broj 2/2004, str. 947-999.

Арнаудовски, Љ. (1988), Пенологија, наука за извршување на кривичните санкции, Скопје

Груевска-Дракулевски, А., и Деаноска Трендафилова, А. (2024) „Конфискацијата на имот и имотна корист во кривична постапка наспроти конфискацијата на имот во граѓанска постапка во македонското право“, Ревија за кривично право и криминологија, год. 31, бр. 1-2, 2024, Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Груевска-Дракулевски, А. (2010) „Влијание на казната затвор врз рецидивизмот“ (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Груевска-Дракулевски, А. (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011“, Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, Бр.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2 Август С Штип, стр.157-198.

Груевска-Дракулевски, А. (2022) „Сообраќајната деликвенција во Република Северна Македонија: за потребата од воведување нова инкриминација во Кривичниот законик – безобѕирно управување со моторно возило“, Македонска ревија за кривично право и

криминологија, ISSN 1409-5327, год. 29, бр.1-2, 2022, Здружение за кривично право и криминологија, 2 Август С Штип, Скопје.

Груевска-Дракулевски, А. (2016) „Затвор и рецидивизам“, Скопје: „Студиорум“ - Центар за регионални истражувања и соработка.

Деаноска – Трендафилова, А., Медиумите и криминалната политика, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2016 година, стр. 187-202.

Државен завод за статистика, Пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела во периодот од 2017 до 2023 година (полнолетни и малолетни), Статистички прегледи, Република Македонија, Скопје

Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24).

Закон за правда за децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024)

Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006; 62/2006; 35/2008 и 150/2010, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19

Камбовски, В., (2006) Казнено право (општ дел), Култура, Скопје.

Камбовски, В., (2004) Казнено право – општ дел, Скопје.

Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02,43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11,185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14,115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23)

Марјановиќ, Ѓ, и Каневчев, М. (2016), Македонско кривично право (општ дел), Скопје: Просветно дело.

Проевски, В., (1977), Судско одмерување на казна, Скопје.

Проевски, Ј., (1998), Кривичен законик (објаснувања, коментари, судска практика), Скопје: Агенција „Академик“.

Сулејманов, З., (2001),  Криминална политика, Графохартија, Скопје.

Сулејманов, З., (2001), Кривично право (општ дел), Графохартија, Скопје.

Узунов, Ванчо / Мисоски, Бобан „Анализа на изречените санкции кај одделни видови кривични дела во периодот 2002-2005“, МРКК, бр. 2-2008.

**Prof. Dr. Nikola Tupanceski**[48]

**Prof. Dr. Gordana Lažetić**[49]

**Prof. Dr. Gordan Kalajdžiev**[50]

**Prof. Dr. Aleksandra Gruevska Drakulevski**[51]

**Prof. Dr. Aleksandra Deanoska Trendafilova**[52]

**Prof. Dr. Boban Misoski**[53]

**Prof. Dr. Divna Ilic Dimoski**[54]

# CRIME TRENDS AND JUDICIAL PENAL POLICY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE PERIOD 2017 - 2023[55]

**Abstract**

The focus of this research is the judicial penal policy in the Republic of North Macedonia during the period 2017–2023. The authors first provide a general overview of penal policies, followed by an examination of legal penal policy—specifically, the types and ranges of legally prescribed sanctions and the penal frameworks established in the applicable criminal legislation.

[48] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: n.tupanceski@pf.ukim.edu.mk

[49] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: g.lazetic @pf.ukim.edu.mk

[50] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: g.kaljdziev@pf.ukim.edu.mk

[51] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk

[52] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: a.deanoskatrendafilova@pf.ukim.edu.mk

[53] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: b.misoski@pf.ukim.edu.mk

[54] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: d.ilicdimoski@pf.ukim.edu.mk

[55] This study was conducted within the project "Crime Trends and Penal Policy in the Republic of Macedonia in the period from 2013 to 2017". It was published in 2025 by the publisher "Ss. Cyril and Methodius" University, "Justinianus Primus" Faculty of Law in Skopje. The study is being re-published due to the actiality of the issue, the significant results of the research, as well as for greater visibility.

To enable consistent and well-grounded conclusions, the research presents and analyzes both the volume and structure of crime, categorized according to the chapters of criminal offenses defined in the Criminal Code. Subsequently, the imposed sanctions are examined by type and severity, and further analyzed across groups of criminal offenses.

The analysis of crime levels and judicial penal policy is based on official statistical data from the State Statistical Office of the Republic of North Macedonia for the period 2017–2023.

This research is of particular importance, because evaluating judicial penal policy is essential for assessing the effectiveness of different sanctions. Understanding the relationship between judicial sentencing practices and crime rates can offer valuable insights into the efficiency of specific criminal sanctions and reveal the extent to which various sanctions are actually applied.

**Keywords:** penal policy, court, prison sentence, fine, alternative measures.